2026
ОКТОМВРИ-ДЕКЕМВРИ

Год. 102, бр. 4
Библиски лекции



Поуки од Посланијата до Филипјаните, Колосјаните и Солунјаните

Искушенија што ја градат издржливоста, трпението, радоста и надежта на верниците денес

Содржина:

САБОТНА ШКОЛА

1. Над невозможното 5
2. Слични на Христос во сите околности 10
3. Копнеж подобро да го запознаеме Исус 15
4. Зацврстени со небесна сила 20
5. Да одиме достојно 25
6. Зајакнати од Спасителот 31
7. Одразувајќи ја вечноста 36
8. Во семејството и пошироко 41
9. Работа за изгубените 46
10. Подготовка за средба со Христос 52
11. Да живееме во светлината 57
12. Навистина особен народ 62
13. Подготовка за битката 67

Библиските лекции претставуваат програма за секојдневно тематско проучување на Божјото слово, засновано исклучиво на Библијата и Духот на пророштвото, без дополнителни коментари. Цитатите се што е можно пократки за да се обезбедат концизни и директни одговори. Зборовите во заграда ( ) се додадени за полесно разбирање на контекстот и потечно читање. Проучувањето на дадените теми со помош на изворните материјали е мошне препорачливо.

Издавач:	Seventh Day Adventist Reform Movement, General Conference, Sabbath School Department, Hollins Road, Roanoke, Virginia 24019-5048, USA
За Македонија:	Реформно движење на Адвентистите на седмиот ден, Моше Пијаде 85 - 1300 Куманово
е-маил:	asdrdmk@gmail.com
Интернет:	www.rdasd.mk
Библиски превод:	Стандардна Библија 2006.
Превод:	Часлав Дичевски
Одговорен уредник:	Часлав Дичевски
Печати:	Гераком, Скопје

Предговор

Додека разгледуваме некои од Павловите посланија – конкретно, посланијата до Филипјаните, Колосјаните и Солунјаните – во нив јасно одѕвонува една важна и сеопфатна порака. Во нив ја препознаваме нашата потреба многу да напредуваме во христијанскиот карактер, како и да ги разбереме клучните доктринални вистини што нѐ подготвуваат за Второто доаѓање на Господ.

Овие писма биле напишани пред речиси 2000 години, а сепак и денес се од исклучителна важност за нас. Напишани во период од околу десет години, сите тие носат силна порака и за нашето време. Во Посланието до Филипјаните ја гледаме радоста на апостолот и покрај тоа што бил затворен поради својата вера; Посланието до Колосјаните – исто така напишано во затвор – ни открива вистинска доктринална слика на христијанството, додека двете посланија до Солунјаните со особена јасност ги објаснуваат настаните од последните денови за верниците кои и самите се соочувале со прогонство.

„Денеска на светот има многу луѓе кои ги затвораат очите пред доказите што ги дал Христос за да ги предупреди луѓето за своето доаѓање. Тие се трудат да задушат секој страв во времето кога бргу се исполнуваат знаците за крајот и светот нагло се приближува кон мигот кога Синот човечки ќе се појави на небесните облаци. Павле кажува дека е грев да се биде рамнодушен кон знаците што му претходат на второто Христово доаѓање. Оние што се одговорни за таа рамнодушност, тој ги нарекува синови на темнината, додека будните стражари ги храбри со зборовите: 'Но вие, браќа, не сте во темнина, та денот да ве затече како крадец, зашто вие сите сте синови на светлината и синови на денот и не ѝ припаѓаме на ноќта ниту на темнината. И така, да не спиеме како другите, туку да бдееме и да бидеме трезвени'" – *Делата на апостолите, 260.*

„Последната битка од големата борба е веднаш пред нас, кога сатаната со 'секаква сила и знаци и лажни чудеса' (2 Солунјаните 2:9), ќе се труди лажно да ни го прикаже Божјиот карактер, за да ги измами 'ако е можно, дури и избраните' (Матеј 24:24). Ако некогаш постоел народ на кого му било неопходно постојано да прима сè поголема и поголема светлина од небото, тогаш тоа е овој народ, кој Бог го повикал во ова опасно време да биде чувар на Неговиот свет закон и да го оправда Неговиот карактер пред светот. Оние на кои им е доверено да го чуваат овој свет аманет мораат да бидат духовно облагородени, издигнати и оживеани со вистината во која тврдат дека веруваат. Но црквата никогаш немала поголема потреба, ниту Бог некогаш повеќе сакал таа да го стекне искуството кое Павле го опишал во посланието до Колосјаните: 'Непрестано се молиме и сакаме да се исполните со познание на Неговата волја во секоја мудрост и духовно разбирање, та да постапувате достојно за Бога, угодувајќи Му во сè, принесувајќи плод во секое добро дело и да растете во познанието на Бога'" – *5 Сведоштво, 746.*

Нека тоа биде и наше искуство!

Оддел за Саботна школа при Генералната конференција

ДАР ВО ПРВАТА САБОТА

САБОТА, 3 ОКТОМВРИ 2026.





За мисијата во Танзанија

Обединетата Република Танзанија е источноафриканска држава позната по своите огромни пространства со недопрена дивина. Тука се наоѓаат рамнините на Националниот парк Серенгети, едно од најпознатите сафари-одредишта во светот, каде што живеат слонови, лавови, леопарди, биволи и носорози, како и Националниот парк Килиманџаро – дом на највисоката планина во Африка. Крај брегот се наоѓаат тропските острови Занзибар и Мафија, со морски парк богат со китови, ајкули и коралните гребени. Во 2024 година, овие живописни природни убавини привлекоа 1,8 милиони туристи.

Според податоците од 2025 година, Танзанија имала над 71 милион жители. Иако во земјата се зборуваат вкупно 126 локални јазици, официјални јазици се свахили и англискиот. Земјата е поделена на 30 региони, од кои 25 се наоѓаат на копното, а пет на Занзибар. Меѓу главните двигатели на економијата се развојот на инфраструктурата, рударството, како и секторите за нафта и гас. Повеќе од 60% од населението се занимава со земјоделство, кое во моментов минува низ процес на модернизација.

Според веб-страницата WorldAtlas.com, од религиозните групи застапени во Танзанија, 35% исповедаат различни облици на исламот, 31% се римокатолици, 27% се протестанти, 3,1% припаѓаат на други христијански заедници, 1,8% следат домородни религии, а преостанатиот дел од населението не се изјаснува како религиозен.

Веста за Реформацијата стигна до Танзанија преку нашите браќа од Кенија, а во ширењето на делото ни помогнаа и браќата од Германија. Генералната конференција ги печати Библиските лекции на свахили преку Унијата во Руанда, која се наоѓа во близина на Танзанија. Свахили се зборува во сите земји од Источна Африка.

Делото сега напредна до тој степен што е потребно да ја развиеме нашата централа и да основаме училиште. Веруваме дека Додома е најсоодветното место за овој проект. Додома е најбрзорастечкиот град во земјата и сега е новиот главен град на Танзанија. Купивме околу 5 хектари земјиште и веќе организиравме локална црква. Предложениот проект има голем потенцијал да го унапреди делото во оваа област, а особено да ѝ овозможи на нашата младина да се школува во мир, избегнувајќи ги тешкотиите со кои моментално се соочува во државните училишта поради почитувањето на саботата.

Ги повикуваме сите членови на нашите Саботни школи ширум светот великодушно да придонесат за овој проект. Однапред ви благодариме за вашата помош. Нека Бог изобилно ви возврати за вашата добрина кон Неговото дело во Танзанија!

Вашите браќа и сестри од Танзаниската мисија

Над невозможното

ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Уверен во тоа дека Оној, Кој го започна во вас доброто дело, ќе го доврши сè до Денот на Исус Христос“ (Филипјаните 1:6).

Предлагаме да прочитате: *Сведоштва за црквата, том 5, стр. 263–267.*

„Претставете ѝ го сочувствителниот Спасител на душата изморена од животот во грев, која не знае каде да најде ослободување. Земете ја за рака, подигнете ја, зборувајќи ѝ зборови на охрабрување и надеж. Помогнете ѝ да се фати за раката на Спасителот.“ — *Здравје и среќа, 168.*

1. СОЧУВСТВИТЕЛНА НАДЕЖ

Недела, 27. септември

а. Како можеме да бидеме вдахновени од Павловиот поздрав од римскиот затвор? Филипјаните 1:1-5.

_____

_____

„Посланието до Филипјаните, како и она упатено до Колосјаните, Павле го напишал додека бил заточеник во Рим.“ — *Делата на апостолите, стр. 479.*

„Павле им пишува на овие браќа како ’свети во Исус Христос’, но не им пишувал на луѓе со совршен карактер. Тој им пишувал како на мажи и жени кои се бореле со искушенијата и биле во опасност да паднат. Ги насочува кон ’Бога на мирот, Кој го воздигна од мртвите, Големиот Пастир на овците’. Ги уверува дека со ’крвта на вечниот завет’ Тој ќе ’ве усоврши во секое добро дело за да ја вршите Неговата волја, вршејќи го во вас, она што Му е Нему благоугодно, преку Исус Христос’.

Кога заблудениот ќе ја воочи својата грешка, внимавајте да не го уништите неговото самопочитување. Немојте да го обесхрабрувате, укажувајќи му недоверба и незаинтересираност. Не велете: ’Немам доверба во него, додека не видам дали ќе се одржи’. Честопати, оние што се во искушение, се сопнуваат токму заради тоа што се нема доверба во нив...

Ако душата за која се залагаме не одговори веднаш на нашите обиди, ние се обесхрабруваме премногу брзо. Сè додека постои и најмала искра на надеж, ние не треба да престанеме да работиме за таа душа.“ — *Здравје и среќа, 167, 168.*

а. Како нашиот однос кон заблудените и грешните ближни ја открива длабочината на нашата вера во Божјата сила? Филипјаните 1:6-8.

„Ние треба да настојуваме да ги разбереме слабостите на другите. Знаеме сосема малку за страдањата на душата на оние што биле заробени во прангите на темнината и на кои им недостигаат решителност и морална сила. Најмногу сожалување треба да се има кон оној што страда заради грижа на совеста, како зашеметен човек што се тетерави и тоне во правта. Тој не може јасно да гледа. Разумот му е помрачен и не знае каде да оди. Многу сиромашни души се погрешно разбрани, неценети, исполнети со неволја и душевна болка — изгубени овци што талкаат. Тие не можат да го најдат Бога, а сепак со длабок копнеж, интензивно копнеат за простување и мир. Ох, нека не биде изговорен ниту еден збор што би предизвикал подлабока болка!... Скапоцените души го чинеле нашиот Спасител премногу скапо, за да бидат толку лесно препуштени на силата на искушувачот.

Треба да се ставиме самите себеси на местото на искушуваните. Имајте ги предвид законите на наследувањето, влијанието на лошото друштво и околината, како и силата на лошите навики. Треба ли да се чудиме што под такви влијанија многумина морално пропаѓаат? Треба ли да се чудиме што тие толку бавно одговараат на напорите вложени за нивно издигнување!

Честопати, најлојални следбеници и поборници на Евангелието стануваат токму оние, кои изгледаат груби и навидум не ветуваат многу. Тие не се сосема изопачени. Под нивната одбивна надворешност има добри побуди до кои може да се допре. Многумина, кои никогаш не би закрепнале без подадена рака за помош, со трпеливи истрајни обиди можат да бидат подигнати. На таквите им се потребни зборови, љубезно внимание, вистинска помош, која нема да го гасне одвај забележливиот пламен на храброст во нивната душа. Работниците што доаѓаат во контакт со таквите души, мораат да го имаат тоа предвид.“ — *Здравје и среќа, 168.*

б. Со каква цел треба да ја проучуваме Божјата реч? Филипјаните 1:9-11.

„Треба ревносно да го користиме секое средство на благодатта, за Божјата љубов сè повеќе да изобилува во душата. ‘За да можете да го распознавате најдоброто, та да бидете чисти и беспрекорни во денот на Христос, полни со плодот на праведноста, кој е преку Исус Христос’ (Филипјаните 1:10, 11). Вашиот христијански живот мора да стане силен и одлучен. Можете да го достигнете високиот стандард поставен пред вас во Светото писмо, и морате да го достигнете ако сакате да бидете Божји деца. Не можете да стоите во место; морате или да напредувате или да назадувате.“ — *Сведоштва за црквата, 264.*

а. Опишете како Бог често ги користи прогонствата и тешкотиите за да ја прошири Својата прекрасна вест за љубовта и благодатта. Филипјаните 1:12-14.

_____

„Не можело да се очекува Павле — сиромашен затвореник без пријатели и роднини - да го привлече вниманието на богатите и повластените класи меѓу римските граѓани. Порокот за нив имал блескотна привлечност и тие биле негови доброволни робови. Но меѓу изморените, осиромашени и угнетени жртви, па дури и меѓу бедните робови, имало многу такви кои со радост ги слушале Павловите зборови и во Христовата вера наоѓале утеха, надеж и мир кои ги бодреле за време на тешката судбина на нивниот живот.

Меѓутоа, иако апостолот својата работа ја почнал со едноставни и понизни луѓе, неговото влијание се ширело сè додека не го досегнало дури и дворот на императорот.“ — *Делата на апостолите, 461.*

„Божјата милост го крепела Павле во неговото заточеништво, овозможувајќи му да се радува во својата неволја. Тој со вера и со осведоченост им пишувал на своите браќа во Филипи дека неговото заточение послужило за ширење на евангелието...

Во ова Павлово искуство се крие поука за нас, зашто во него се открива начинот на кој работи Бог. Господ може да го претвори во победа и она што нам понекогаш ни изгледа како целосен неуспех и пораз. Ние сме во опасност да го заборавиме Бога и внимание му обрнуваме само на она што се гледа, наместо со очите на верата да го гледаме невидливото. Кога ќе наидат неволји и несреќи, веднаш сме подготвени да Го обвиниме Бога дека нè занемарува или дека е суров. Ако Тој смета дека е добро извесно време да ја ограничи нашата делотворност, ние се плачеме, не помислувајќи ниту за миг дека Бог тоа го прави можеби токму за наше добро. Мораме да сфатиме дека и карањето претставува дел на неговиот голем план и дека христијанинот понекогаш под прачката на страдањата и болката може за својот Господ да стори повеќе отколку кога се наоѓа во активна служба.“ — *Делата на апостолите, 480, 481.*

б. Ако паднеме во искушение да се обесхрабриме поради необичните начини на кои може да се посее семето на вистината, на што треба да се сетиме? Филипјаните 1:15-18.

_____

Напорите на сатаната да го уништи ’нераспадливото живо и вечно Божјо слово’ (1 Петрово 1:23) всушност придонесуваат тоа да допре до човечките срца. Преку срамотењето и прогонството на Божјите деца, Христовото име се возвеличува, а душите се спасуваат.

Голема награда на небото ги очекува сите оние кои во прогонствата и понижувањата сведочат за Христос.“ — *Мисли од Гората на благословите, 34.*

4. ДА ЈА ИМАМЕ ВЕЧНОСТА ПРЕД ОЧИ Среда, 30. септември

а. Зошто можеме да бидеме вдахновени од извонредното сведоштво на Павле? Галатјаните 6:14; Филипјаните 1:19–21.

_____

„Најблизу до Христос ќе биде оној што на Земјата најмногу ќе се напои со духот на Неговата самопожртвувана љубов, љубов која 'не се фали, не се вообразува... не го бара своето, не се лути лесно, не мисли зло'. (1. Коринтјаните 13:4,5); од љубовта која ги поттикнува учениците, како што го поттикнала нашиот Господ да даде сè, да живее и да работи и да се жртвува сè до смрт, заради спасение на човештвото. Тој дух се манифестирал во животот на Павле. Тој вели: 'За мене да се живее е Христос,' бидејќи неговиот живот им го открил на луѓето Христос; 'а смртта добивка' добивка за Христос; самата смрт би ја покажала силата на Неговата благодат и би привлекла души кон Него.

'Христос ќе се возвеличи во моето тело,' рекол тој, 'било преку животот било преку смртта'". (Филипјаните 1:21,20)." — Копнежот на вековите, 549.

„Павле бил жив пример за тоа каков треба да биде секој христијанин. Тој навистина живеел за Божја слава... Оној што некогаш го прогонувал Христос во лицето на Неговите свети, сега го издигал Христовиот крст пред светот. Срцето на Павле горело од љубов кон изгубените души и сите свои сили ги посветил на делото на нивното обраќање. Никогаш немало поусрден, поистраен и понесебичен работник. За него Христос бил сè во животот; тој ги вршел Христовите дела. Сите благослови што ги примал ги ценел како предности што треба да ги употреби за благословување на другите." — *Коментари на библиските текстови, 725.*

„'Зашто за мене животот е Христос', вели Павле. Овде, во само неколку зборови, е дадена најсовршената претстава во целото Свето Писмо за тоа што навистина значи да се биде христијанин. Тоа е сета вистина на евангелието." — *Коментари на библиските текстови, 747.*

б. Каква перспектива треба да имаме за нашите должности на оваа земја додека го очекуваме Второто Христово доаѓање? Филипјаните 1:22-24; 2. Тимотеј 4:8; Јован 14:3.

_____

_____

„Иако големата конечна награда ќе биде примена дури при Второто Христово доаѓање, искрената служба за Бога носи награда уште во овој живот. Работникот ќе мора да се соочува со пречки, противења и горчливи разочарувања што го растргнуваат срцето. Можеби никогаш нема да ги види плодовите на својата работа. Но, и покрај сето тоа, во самата работа тој наоѓа прекрасна и благословена награда. Оние што му се посветиле на Бога во несебична служба за човештвото стануваат соработници на Господарот на славата. Оваа мисла го засладува секој труд, ја зацврстува волјата и го оживува духот за сè што може да ги снајде." — *Christian Service, p. 270.*

5. ОСНАЖЕНИ ПРЕКУ ВЕРАТА

Четврток, 1. октомври

а. На кој начин Павловиот став може да влее надеж во нас? Филипјаните 1:25-28.

_____

_____

„Верните Божји гласници мора цврсто и постојано да ја извршуваат својата задача. Вооружени со сето небесно оружје, тие мора да го продолжат патот бестрашно и победоносно, не престанувајќи да се борат сè додека секоја душа до која можат да допрат не ја прими пораката на вистината за ова време." – *Делата на апостолите, 220.*

б. Како Христовиот пример нè оснажува? Филипјаните 1:29, 30; Исаија 53:8-11.

_____

_____

„Што го крепело Божјиот Син при Неговото предавство и судење? Тој го видел плодот од трудот на Својата душа и бил задоволен. Тој ја согледал бескрајната вечност и среќата на оние што, преку Неговото понижување, ќе примат прештавање и вечен живот. Бил ранет за нивните престапи и биен за нивните беззаконија. Казната за нивниот мир паднала врз Него, а преку Неговите рани тие биле исцелени. До Неговите уши допирале восклиците на откупените. Тој ги слушал спасените како ја пеат песната на Мојсеј и на Јагнето.

И ние треба да имаме јасна претстава за иднината и за блаженството на небото. Да застанеме на прагот на вечноста и да го слушнеме срдечното добредојде упатено до оние што соработувале со Христос во овој живот, сметајќи го за предност и чест тоа што страдале за Него...

Таму откупените ќе ги поздравaт оние што ги упатиле кон Спасителот воздигнат на крстот. Тие ќе се соединат во славење на Оној што умрел за човечките суштества да имаат живот што по своето траење може да се спореди со Божјиот живот. Борбата е завршена. На сите маки и неволји им дошол крајот. Кога откупените ќе се соберат околу Божјиот престол, песната на победата ќе го исполни целото небо." – *8. Сведоштво, 43, 44.*

ПРАШАЊА ЗА РАЗМИСЛУВАЊЕ

Петок, 2. октомври

1. **Зошто мораме да истраеме сè додека за паднатите души постои барем зрак надеж?**
2. **Колку често сум гледал како упорни и тврдоглави души се менуваат на чудесен начин?**
3. **Како Бог може преку нашите искушенија да ги оствари Своите добри намери?**
4. **Опиши кое било вистинското мото на Павловиот живот.**
5. **На кој начин треба подобро да го следам примерот на Павле и, пред сè, примерот на Христос?**

Слични на Христос во сите околности

ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Не правете ништо од честољубие или за празна слава, но од понизност сметајте се еден друг за погорен од себеси! Не грижете се секој само за себе, туку и за другите!“ (Филипјаните 2:3,4).

Предлагаме да прочитате: *5. Сведоштво, 167-177, 477-490.*

„Кога секогаш кон секого без разлика би биле пријателски наклонети и кога на другите би им го правеле само она што сакаме нам да ни се прави, би исчезнала барем половината од злото и од неволјите што ги носи животот со себе. Духот на самоувереност е дух на сатаната, но срцето во кое се негува Христова љубов ќе има и љубов кон ближниот, љубов која 'не го бара своето'“. — *Патријарси и пророци, 133.*

1. НЕОПХОДНА ДОБЛЕСТ

Недела, 4. октомври

а. Зошто треба да го цениме тоа што Павле ја нагласува важноста на вистинската христијанска слога? Филипјаните 2:1,2; Римјаните 15:5,6.

_____

_____

„Христос предводи еден народ, доведувајќи ги неговите припадници до единство во верата, да бидат едно како што е Тој едно со Својот Татко. Разликите во мислењата мора да се напуштат, за во црквата сите да бидат единствени, имајќи еден дух и едно расудување.“ – *1. Сведоштво, 324.*

б. Опишете ја радоста што произлегува од таквото единство и единствениот начин на кој тоа може да се постигне. 1. Коринтјаните 1:10; Псалм 133:1-3.

_____

_____

„Одвојувањето од Христос е причина за поделба и раздор во семејството и црквата. Приближете се еден кон друг. Тајната на вистинското единство во црквата и во семејството не се постигнува ниту со дипломатија, ниту со господарење, ниту со вложување на натчовечки напори за отстранување на тешкотиите, иако често треба и тоа да се направи, туку во заедница со Христос.“ – *Адвентен дом, 179.*

а. Каков повик им е упатен на сите христијански верници – и зошто? Филипјаните 2:3.

„Суетата и славољубието претставуваат карпи на кои многу души претрпеле бродолом и многу цркви станале немоќни. Луѓето што најмалку знаат за побожноста, кои најмалку се поврзани со Бога се на исто рамниште со луѓето кои најмногу копнеат за високи положби. Тие не ја увидуваат својата слабост и своите карактерни мани.“ – *5. Сведоштво, 174.*

„Луѓе со разни темпераменти и несовршени карактери ги забележуваат грешките на другите, но не ги согледуваат сопствените... Кај луѓето обично постои себичност и славољубие кои го спречуваат Божјото дело. Не смее да се внимава на личните интереси.“ – *5. Сведоштво, 419.*

„Срцето кое е во хармонија со Бога е издигнато над незгодите и искушенијата во овој живот. Но срцето во кое нема Христов мир е несреќно и исполнето со незадоволство; таквото лице во сè наоѓа недостатоци и би внело несклад и во најсовршената хармонија на небото. Животот на себичност е живот на зло. Оние чиишто срца се исполнети со љубов кон самите себе натрупуваат зли мисли против своите браќа и зборуваат против Божјите орудија. Страстите, запалени и поттикнати од сатаната, се горчливи извори од кои извира горчина која го труе животот на другите...

Секој што тврди дека е следбеник на Христос секогаш треба другите да ги цени повеќе од себе. Приближете се едни кон други, приближете се! Во единството е силата и победата; во неслогата и раздорот се слабоста и поразот.“ – *5. Сведоштво, 488.*

б. Објаснете во што се состои тајната на вистинскиот успех. Филипјаните 2:4.

„Ако нашиот живот е исполнет со свет мирис, ако го славиме Бога негувајќи добри мисли за другите, правејќи добри дела и служејќи им на ближните, тогаш не е важно дали живееме во скромна колиба или во палата. Околностите немаат пресудно влијание врз животот на душата. Духот што го негуваме им дава смисла на сите наши постапки. Човекот што е во мир со Бога и со своите ближни не може да биде несреќен. Зависта не може да престојува во неговото срце; во него нема место за зли сомнежи, ниту омразата може да се задржи. Срцето што е во хармонија со Бога е издигнато над неволјите и искушенијата на овој живот.“ – *5. Сведоштво, 488.*

„Успехот ќе се зголемува сразмерно со нивната несебична дарежливост, додека од своето изобилство им помагаат на установите што се борат за опстанок. Нашите напредни установи треба да им помогнат на оние за кои Бог рекол дека треба да живеат и да напредуваат, а кои сè уште се борат за својот опстанок. Меѓу нас има многу малку вистинска, несебична љубов.“ – *8. Сведоштво, 137.*

а. Во ова време од историјата, што треба да го одбележува нашето размислување и постапување? 2. Коринтјаните 10:3-5; Филипјаните 2:5.

„За во сè да го украсуваме учењето на Христос, нашиот Спасител, мораме да го покажуваме истиот дух што го покажувал Тој. Нашите лични наклоности или одбивност кон некого, како и секоја желба да си угодуваме себеси на штета на другите, мора да ги победиме. Нека Божјиот мир владее во нашите срца. Христос мора да биде жива и делотворна сила во нас.“ – *Коментари на библиските текстови, 789.*

„Мораме да одиме во училиштето Христово за од Него да се учиме на кротост и понизност. Искупувањето е процес со кој душата се подготвува за небото. Тоа подготвување значи познавање на Христос. Тоа значи ослободување од начинот на размислување, навиките и постапките стекнати во училиштето на кнезот на темнината. Душата мора да се ослободи од сè што е во спротивност со оддаденоста кон Бога.“ – *Копнежот на вековите, 330.*

б. Како и зошто треба да го одразуваме Христовиот став? Филипјаните 2:6-8.

„Исус ја зел врз Себе нашата природа и ги оставил Својата слава, величество и богатство за да ја изврши Својата мисија – да го спаси она што било загубено. Тој не дошол за да Му служат, туку за да им служи на другите. Исус не им се одмаздувал на оние што Го навредувале, напаѓале и Му се спротивставувале. ’Кој, кога Го навредуваа, не возвраќаше со навреди.’ Кога поради човечката суровост морал да поднесува тешки страдања, Тој не се заканувал, туку се доверувал на Оној што суди праведно.

Апостол Павле ги поттикнувал своите браќа во Филипи: ’Нека во вас биде истиот ум што беше и во Христос Исус, Кој, иако беше во Божјо обличје, не сметаше дека еднаквоста со Бога е нешто за кое треба да се држи, туку Сам Себеси се понизи, земајќи обличје на слуга и станувајќи сличен на луѓето; и по изглед се покажа како човек.’ Дали слугата е поголем од својот господар?

Христос ни оставил пример со Својот живот, а ние Го обесчестуваме ако реагираме на секое најмало омаловажување или ако сакаме да се одмаздиме за секоја неправда, било замислена или вистинска. Постојано да бидеме подготвени за самоодбрана и непрестајно да бдееме над сопственото достоинство не е одлика на благороден дух. Многу е подобро сто пати да претрпиме неправда отколку да ја раниме сопствената душа со одмаздољубивост или да му дадеме слобода на гневот.

Силата ќе ја добиеме од Бога. Тој може да ни помогне. Тој може да ни даде благодат и небесна мудрост. Ако бараш со вера, ќе добиеш; но мораш да бдееш во молитва. Бдеј, моли се и работи – тоа нека биде твоето мото.“ – *2. Сведоштво, 426.*

а. Како Бог Отецот гледа на неизмерната жртва што ја принесе Христос – и како треба да гледаме на неа и ние? Филипјаните 2:9-11.

_____

_____

_____

„На чија страна сте? Светот Го отфрли Христос, а небото Го прими. Човекот, ограничен и смртен, Го отфрли Кнезот на животот; Бог, нашиот врховен Владетел, Го прими на небото и Го возвиши над секое име. Човекот Го круниса со трнов венец, а Бог Го круниса со круна на царско величество. Мораме искрено да размислиме и да одлучиме: Дали сакаме над нас да владее овој Човек, Исус Христос, или Варава?...

За оние што Го примаат Христос и веруваат во Него, Неговата смрт е надеж и вечен живот." – *Коментари на библиските текстови, 489.*

б. Иако сме слаби во моралната сила и волјата, зошто мораме свесно да Му се предадеме на Спасителот? Филипјаните 2:12,13.

_____

_____

_____

„Ако навистина си почнал да живееш живот на вера, предај Му се целосно на Господа, и Тој, во согласност со Својата намера, ќе те изгради и обликува така што ќе бидеш сад за чест. Треба да бидеш подготвен во Неговите раце да бидеш податлив и да одиш секаде каде што Тој ќе те води. На тој начин ќе Му дозволиш да ја оствари Својата намера за тебе, а истовремено ќе соработуваш со Него, работејќи на своето спасение со страв и трепет...

Чистата вера не ја исклучува дејноста на волјата. Волјата е владејачката сила на човечката природа и управува со сите други способности. Волјата не е вкус ниту наклонетост, туку сила на одлучување, која децата ги прави покорни или непокорни на Бога." – *5. Сведоштво, 512, 513.*

„Ти ќе бидеш во постојана опасност сè додека не ја видиш вистинската сила на волјата. Ќе веруваш во сè и ќе ветуваш, но твојата вера и твоите ветувања нема да имаат никаква вредност сè додека со својата волја не застанеш на страната на верата и делата. Ако се бориш во борбата на верата со сета сила на твојата волја, ќе победиш. Не смееш да се потпираш на твоите чувства, впечатоци и сфаќања, затоа што тие не се сигурни...

„Но не треба да очајуваш... На тебе останува да ја потчиниш твојата волја на Христовата волја. Ако го направиш тоа, Бог непосредно ќе делува во тебе да го сакаш и да го правиш она што Му е угодно. Тогаш целата твоја природа ќе се потчини на Христовиот Дух, па дури и твоите мисли." – *5. Сведоштво, 513, 514.*

5. ХРИСТИЈАНСТВОТО ВО СЕКОЈДНЕВНИОТ ЖИВОТ Четврток, 8. октомври

а. Наведете некои вообичаени проблеми што треба да ги совладаме. Филипјаните 2:14,15.

„Божјата љубов мора да владее во душата за да можат во неа да се покажат плодовите на праведноста. Опасно е да ѝ се попушта на суетата и на горделивоста, како и на желбата за добивка. Да се задава некому болка, да се обвинува и да се напаѓа затоа што нема никаква власт и што оној кој на тој начин го малтретирате не е во состојба да го спречи - е најлош вид на себичност. Себичноста создава неслога во семејниот круг и во црквата. Необратеното срце во кое го нема Христос ниту Неговата љубов секогаш пронаоѓа големо зло во другите, иако тоа всушност не постои и се задржува на ситници сè додека не успее да ги прикаже како нешто важно и големо. На Своите следбеници Бог им дава задача сами да ги средат тие ситни прашања кои на некои им изгледаат толку големи. Не дозволувајте тие безначајни ситници да станат корен на горчина во црквата, кој може да опогани и да им наштети на мнозина. Срцето во кое Христос постојано престојува ќе биде толку облагородено со љубовта кон Бога и ближните, така што во него нема да има место за зајадливост, пронаоѓање на туѓи грешки, расправање и кавга. Христовата религија во срцето на оној кој навистина ја поседува стекнува победа над вакви и слични страсти, кои настојуваат да загосподарат во душата.“ – *4. Сведоштво, 610.*

б. На која важна вистина треба да нè потсети Павловата пофалба за Епафродит? Филипјаните 2:21,25-27,30.

_____

„Христос не ги испратил Своите ангели на овој паднат свет, а Самиот да остане на небото; Тој лично излегол надвор од логорот, поднесувајќи го срамот. Станал Човек на болката, запознаен со страдањето; врз Себе ги зел нашите слабости и ги понел нашите немоќи. Бог гледа на недостигот од самоодрекување кај Своите следбеници како на одрекување од Христовото име. Оние што тврдат дека се едно со Христос, а сепак им се препуштаат на своите себични желби за раскошна и скапа облека, мебел и храна, се христијани само по име. Да се биде христијанин значи да се биде сличен на Христос.“ – *Counsels on Stewardship, 54.*

ПРАШАЊА ЗА РАЗМИСЛУВАЊЕ Петок, 9. октомври

1. **Зошто е важно христијанското единство и на кој единствен начин може да се постигне?**
2. **Во што се состои тајната на успехот, како за поединците така и за установите?**
3. **Како накратко можеме да го сумираме она што Христос го направил за човештвото?**
4. **И покрај нашето грешно минато, што е Христос подготвен да направи за нас и на кој начин?**
5. **Зошто сум склон да негодувам и да се жалам – и што може да ми помогне да ја победам оваа слабост?**

Копнеж подобро да го запознаеме Исус

ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „За да Го познаам Него, и силата на Неговото воскресение, и учеството во Неговите страдања, грижејќи се мојата смрт да биде слична со Неговата, та некако да го достигнам воскресението на мртвите“ (Филипјаните 3:10,11).

Предлагаме да прочитате: *3. Сведоштво, 22-32; The Story of Redemption, 310-314.*

„Кога проучувачите на Библијата гледаат во Спасителот, тогаш во душата се буди таинствената сила на верата, обожувањето и љубовта. Гледајќи го постојано Христовиот лик, гледачот станува сè посличен со Оној кого Го обожува.“ — *Воспитување, 192.*

1. ПРАВЕДНОСТ ПРЕКУ ВЕРА

Недела, 11. октомври

а. Како Павле ја истакнува потребата од вера во Христос, наместо да се потпираме на наводните заслуги на телото? Филипјаните 3:1-3.

_____

_____

„Колку поблизу доаѓаме до Христос, и колку појасно ја согледуваме чистотата на Неговиот карактер, толку појасно ќе ја препознаваме прекумерната грешност на гревот и помалку ќе сакаме да се извишуваме себеси...

Ниту еден од апостолите или пророците никогаш не тврдел дека е без грев. Луѓето кои живееле најблиску до Бога, луѓе кои би го жртвувале самиот живот наместо свесно да направат некое лошо дело, луѓе кои Бог ги надарил со божествена светлина и сила, ја признале грешноста на својата природа. Тие не се потпирале во телото, ниту пак тврделе дека имаат некаква своја праведност, туку целосно се потпирале врз Христовата праведност. Така ќе биде и со сите што го гледаат Христос.

На секој нов чекор во нашето христијанско искуство, нашето покајание ќе се продлабочува. Токму на оние на кои им простил, на оние што ги признал како Свој народ, Тој им вели: ’Тогаш ќе се сетите за своите лоши патишта и за своите лоши дела, па ќе почувствувате одвратност од самите себе за гревовите свои и за лошите престапи’ (Езекиел 36:31)... Тогаш нашите усни нема веќе да се отвораат во само-величење. Ќе знаеме дека нашиот успех единствено зависи од нашата заедница со Христос.“ – *Христовите очигледни поуки, 160.*

а. Опишете го поранешниот став на Павле, пред да се обрати кон Христос. Филипјаните 3:4-6.

„Во теолошките училишта во Јудеја, Божјата Реч била потисната со човечки шпекулации; толкувањата и преданијата на рабините и ја одземале силата. Самовозвишувањето, властољубивоста, љубоморната исклучивост, лицемерието и презривата горделивост биле владеечки принципи и побуди на овие учители.

Рабините се разметнувале со својата супериорност не само над припадниците на другите народи туку и над своите сопствени сонародници. Обземени од дива омраза кон своите римски поробувачи, тие цврсто одлучиле да ја повратат својата национална големина со силата на оружјето. Ги мразеле и убивале Исусовите ученици чија вест на мирот толку очигледно се спротивставувала на нивните честољубиви планови. Савле бил еден од најогорчените и најбезмилосни учесници во тоа гонење." – *Воспитување, 65.*

б. Како Павле ја опишува големата радост што произлегува од целосното предавање на Исус? Филипјаните 3:7,8.

„Апостолите не се грижеле многу за својот живот, радувајќи се што се удостоиле да поднесат срам поради Христос. Павле и Сила поднеле загуба на сè што имале. Биле сурово камшикувани и на најнемилосрден начин фрлени во влажна ќелија на дното на затворот, додека нозете во толку мачна положба им биле стегнати во направи за мачење. А дали поради тоа до ушите на чуварот допрел барем еден глас на нивно незадоволство или поплака? О, не? Низ тишината на ноќта од ќелијата се слушале само песни на радост и благодарност на Бога. Длабоката и сесрдна љубов на овие ученици кон делото на својот Откупител им давала сила да страдаат поради тоа.

Доколку Божјата вистина го исполнува нашето срце, ги обзема нашите чувства и го контролира нашиот живот, и ние ќе се радуваме да страдаме и трпиме поради вистината. Ниту ѕидовите на затворот, ниту направите за мачење нема да можат да нè заплашат ниту да нè спречат во нашата голема задача.

О, душо моја, појди на Голгота! Да обратиме внимание на понизноста на Божјиот Син во овој живот. Тој „бил човек на болката и запознаен со тагата". Да размислуваме длабоко за понижувањето на кое се согласил, за Неговата агонија во Гетсиманија и ќе сфатиме што значи самооткажувањето. Ако страдаме поради сиромаштија и немаштија, да знаеме дека низ сето тоа минал и Христос - Височеството на небото. Но тој поднесувал сиромаштво поради нас. Му припаѓаме ли на сталежот на побогатите? - Тој бил најбогат. Но Тој се согласил за ние да се збогатиме со Неговото сиромаштво. Во Христос имаме најизразен пример на самооткажување." – *3. Сведоштво, 406, 407.*

а. Која Павлова цел треба и ние денес ревносно да ја следиме? Филипјаните 3:9.

„Верниот Сведок вели: 'Те советувам да купиш од Мене злато пречистено во оган, за да се збогатиш; и бели облеки, за да се облечеш и да не се покаже срамот на твојата голотија.' Што претставува срамот на таа голотија, сиромаштија и беда? Тој срам го претставува облекувањето во облеката на сопствената праведност и одвојувањето од Бога, иако Тој обезбедил изобилство од благослови што им се достапни на сите." – *Коментари на библиските текстови, 893.*

„Христијанинот што Го љуби Бога го издигнува својот поглед над маглата на сомнежот; тој стекнува длабоко, трајно и живо искуство и станува кроток и сличен на Христос. Скриен со Христос во Бога, тој целосно ѝ се потчинува на Неговата волја. Тој е во состојба мирно да поднесува занемарување, навреди и презир, бидејќи и неговиот Спасител го поднесувал сето тоа. Нема да стане мрзоволен, вознемирен или обесхрабрен кога ќе го притиснат тешкотиите, како што ни Христос во слични околности не се колебал ниту ја губел храброста. Секој вистински христијанин ќе биде силен, не во силата и заслугите на своите добри дела, туку во Христовата праведност, која му се припишува преку верата. Голема работа е да се биде кроток и смирен по срце и да се остане чист и неизвалкан, како што бил Кнезот на небото кога живеел меѓу луѓето." – *Коментари на библиските текстови, 757.*

б. Опишете што треба да биде средиштето на вистинскиот христијански живот. Филипјаните 3:10,11; 1. Петрово 2:21.

„Со своето самооткажување и истакнување на крстот, тие укажувале на патот на животот. Тие имале заедница со Христос во Неговите страдања и најголема желба им била да го запознаат Исус Христос и тоа распнатиот. Не барале лични задоволства, ниту се грижеле за својот земен живот. Не живееле за да си угаѓаат себеси, туку за да прават добро, спасувајќи ги душите за кои Христос умрел." – *3. Сведоштво, 27.*

„Токму заедницата со Христос, личниот контакт со живиот Спасител, ги оспособува умот, срцето и душата да постигнат победа над својата пониска природа. Зборувајте му на заталканиот за Семоќната рака што ќе го поддржи, за бескрајното сожалување што го чувствува кон него Христос како човек. Не е доволно да го упатите да верува во законот и силата, во нешто што не може да има сожалување и што не може да чуе повик за помош. Тој има потреба да прифати топла рака, да се потпре врз срце полно со нежност. Зборувајте му постојано дека Бог е секогаш покрај него, дека постојано го придружува со Својата љубов проникната со сожалување. Помогнете му да мисли за срцето на Отецот, кое е жалосно поради гревот, за раката на Отецот која сè уште е испружена." – *Христовите очигледни поуки, 388.*

а. Како Павле го опишува постојаниот, секојдневен повик упатен до секој Христов следбеник? 2. Коринтјаните 7:1; Филипјаните 3:12-14; 1. Коринтјаните 15:31.

_____

„Тука се гледа јасна спротивност меѓу фалбените, самоправедни тврдења на оние што велат дека се без грев и понизниот говор на апостолот; а токму чистотата и верноста на неговиот живот им давале тежина и сила на неговите опомени кон браќата.“ – *Посветен живот, 86.*

„О, кога сите би го избрале небесниот дар и би станале Божји наследници — наследници на наследството врз кое ниеден уништувач не може да полага право ниту да го одземе, и тоа за сета вечност! Не избирајте го светот, туку изберете го подоброто наследство! Ревносно и истрајно стремете се кон целта, кон наградата на вашиот висок повик во Христос Исус.“ – *Fundamentals of Christian Education, 235.*

„Ние никогаш не знаеме колку тешка ќе биде нашата утрешна борба. Сатаната живее и многу е активен; и затоа секој ден најсесрдно треба да се обраќаме на Бога за сила и помош, за да бидеме во состојба да се спротивставиме на секое искушение. Додека постои владеењето на сатаната, ќе мораме да се бориме со нашето сопствено ’јас’ и против сите можни искушенија, зашто не постои место каде би можеле да застанеме и да кажеме: Достигнавме сè...

Животот на христијанинот претставува непрекинато напредување. Христос седи како оној што ги облагородува и прочистува припадниците на Својот народ, и дури кога Неговиот лик совршено ќе може да се види во нив, тие ќе бидат совршени и свети, подготвени за вознесување.“ – *1. Сведоштво, 340.*

б. Кое телесно искушение честопати претставува духовна замка? Филипјаните 3:18,19.

„Самоодрекувањето и воздржувањето од телесните апетити се неопходни за унапредување и зацврстување на здравјето и моралот, како и за прочистување на расипаното општество. Секое отстапување од начелата во јадењето и пиењето ја отапува способноста за расудување... Умереноста во сè е клучна за зачувување на здравјето и за растот и развојот на христијанскиот карактер.

Оние што ги престапуваат Божјите закони во однос на своето тело нема да се двоумат да го престапат ниту Божјиот закон објавен на Синај. Оние што, откако ќе ја примат светлината, нема да се придржуваат до начелата во јадењето и пиењето, туку ќе си дозволат да станат робови на апетитот, нема да бидат истрајни во почитувањето на начелата ниту во другите области. Разгледувањето на прашањето за реформата во јадењето и пиењето ќе го изгради карактерот и непогрешливо ќе ги открие оние за кои ’бог им е стомакот‘“. – *Counsels on Health, 38, 39.*

5. НЕБЕСНО ДРЖАВЈАНСТВО

Четврток, 15. октомври

а. Кој повик и кое ветување денес претставуваат предизвик за нашето срце? Филипјаните 3:20,21.

_____

„Така и Божјиот народ - вистинскиот Израел - иако расеан по народите, на оваа земја е само дојденик чијашто вистинска татковина е небото.“ – *Патријарси и пророци, 447.*

„Драги браќа и сестри, дали со целото срце верувате дека Христос наскоро ќе дојде и дека ние сега ја имаме последната вест на милост која некогаш треба да биде објавена на виновниот свет? Дали нашиот пример е онаков каков што треба да биде? Дали со своите разговори и со светиот живот им докажуваме на оние кои се околу нас дека ја очекуваме величествената појава на нашиот Господ и Спасител Исус Христос, кој ова наше суетно тело ќе го преобрази и ќе го направи слично на Своето величествено тело? Се плашам дека ние во тоа не веруваме и не го разбираме онака како што треба. Животот и постапките на оние што веруваат во значајната вистина која ние ја исповедаме, треба да бидат ускладени со таа вера. Премногу се тежнее кон уживање, разонода и привлекување внимание кон овој свет, претерано се мисли на облекување, а јазикот честопати се занимава со лекомислени и целосно безначајни разговори, со што се побива она што го исповедаме, затоа што не говориме за небото, од каде што го очекуваме Спасителот.

Ангелите бдеат над нас и нè чуваат; меѓутоа, оддавајќи се на несериозни разговори, шеги, вицеви и спуштајќи се на тој начин во состојба на непретпазливост и духовно мртвило, ние тие ангели често ги жалостиме. Иако можеби понекогаш ќе вложиме некој напор и ќе извојуваме победа, но ако во тоа не истраеме, туку повторно се спуштаме во истата состојба на непретпазливост и рамнодушност, неспособни да ги поднесуваме искушенијата и да се спротивставиме на непријателот, ние не му одолеваме на искушението на нашата вера, која е многу повредна од злато. Не страдаме заради Христос и не Го славиме во страдањата.

Голем недостаток се чувствува во христијанската истрајност и во служењето на Бога според начелата. Не треба да се стремиме да се истакнуваме и на некој начин да се задоволиме себеси, туку да му оддаваме чест и да го прославиме Бога, и во сè што правиме или говориме да ја имаме во вид само Неговата слава.“ – *Рани списи, 111.*

ПРАШАЊА ЗА РАЗМИСЛУВАЊЕ

Петок, 16. октомври

1. **Што ќе ме спречи да се самовозвишувам?**
2. **Опиши ја чудесната преобразба на Павловиот карактер.**
3. **Што треба да биде средиштето на мојот живот?**
4. **Како претераното попуштање на апетитот влијае врз мојата духовност?**
5. **Кои замки можат да го попречуваат мојот христијански раст?**

Зацврстени со небесна сила

ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Знам да живеам и во скудност, знам да живеам и во изобилство; научен сум на сè и сешто, и сит да бидам, и глад да трпам, и во изобилие да сум и во немаштија. Сè можам преку Исус Христос, Кој ме крепи“ (Филипјаните 4:12,13).

Предлагаме да прочитате: *2. Сведоштво, 595-597; Делата на апостолите, 461-468.*

„Не заборавајте дека соработката со Христос како со ваш личен Спасител е ваша сила и ваша победа. Тоа е улога која сите мораат да ја одиграат. До оние кои така постапуваат доаѓа ветувањето: „А на сите кои Го примија, им даде моќ да станат Божји деца (Јован 1:12)“. — *7. Сведоштво, 39.*

1. СОЧУВСТВО

Недела, 18. октомври

а. Што треба да научиме од начинот на кој Павле ги охрабрувал другите? Филипјаните 4:1.

_____

_____

„(Павле) им пишува како на мажи и жени, кои морале да се борат со искушенијата и биле во опасност да паднат...

Кога заблудениот ќе ја воочи својата грешка, внимавајте да не го уништите неговото самопочитување. Немојте да го обесхрабрувате, укажувајќи му недоверба и незаинтересираност. Не велете: 'Немам доверба во него, додека не видам дали ќе се одржи'. Честопати, оние што се во искушение, се сопнуваат токму заради тоа што се нема доверба во нив.“ – *Здравје и среќа, 167.*

„Доброто расположение го просветува умот, а храмот на душата го осветлува со сигурност што имаме мир со Бога, надеж за вечен живот преку Христос, и задоволство и другите да ги усреќиме со радоста којашто нема ништо заедничко со тагата.“ – *Мојот живот денес, 177.*

б. По што биле значајни некои од поединците што Павле ги спомнува? Филипјаните 4:2,3; Откровение 20:15.

_____

_____

а. Каков прекрасен повик упатува Павле од затворот? Филипјаните 4:4.

_____

_____

„Фалете Го Господа, дури и кога ќе се најдете во темнина. Фалете Го и во искушение. Апостолот вели: 'Радувајте се секогаш во Господа и пак велам: радувајте се'. Ќе внесе ли тоа темнина во вашето семејство? Не, навистина; ќе внесе сончев зрак. Така вие ќе собирате зраци на вечната светлина од престолот на славата и ќе ги ширите околу себе. Ве повикувам да пристапите на тоа дело, да ја ширите таа светлина и живот околу себе, не само на својата сопствена патека туку и на патеката на оние со кои се дружите. Ваша цел нека биде да ги направите оние околу вас подобри, да ги издигнете, да им укажете на небото и на славата, упатувајќи ги дека над сите земски работи треба да копнеат по вечните вредности на бесмртното наследство, кон богатствата кои се нераспадливи." – *2. Сведоштво, 593, 594.*

„Каква и да е вашата карактерна природа, Бог може да ја обликува така што ќе стане блага и слична на Христовата. Вежбајќи жива вера, можете да се одвоите од сè што не е во согласност со Божјата волја и така уште на оваа земја да внесете небесна атмосфера во својот живот. Ако постапувате така, на секој чекор ќе ги чувствувате пријатните зраци на небесната светлина. Кога непријателот ќе се обиде да ја обвие вашата душа со темнина, пејте и зборувајте за верата, и ќе увидите дека преку песната и разговорот сте излегле во светлината.

Ние самите ги отвораме браните за поројот — или на жалоста или на радоста. Ако дозволиме нашите мисли постојано да бидат обземени со грижите и безначајните нешта од овој свет, нашето срце ќе се исполни со мрачни претчувства, потиштеност и неверие. Но ако своите мисли ги насочиме кон она што е горе, Христовиот глас ќе прозбори во нашето срце, негодувањето ќе исчезне, а тешките и мрачни мисли ќе се претворат во песна на фалба кон нашиот Избавител." – *Counsels to Parents, Teachers, and Students, pp. 233, 234.*

б. Што треба секогаш да имаме на ум во овој забрзан и стресен свет? Филипјаните 4:5-7.

_____

_____

„Кога нè снаоѓаат неволји, тоа се случува со цел Бог да ја открие Својата сила и мудрост одговарајќи на нашата понизна молитва. Имајте доверба во Него како во вистински Бог, Кој ја слуша молитвата и одговара на неа. Тој ќе ви се открие. Оној, Кој може да помогне во секоја мака, Кој го создал човекот, Кој му дарува чудесни физички, умствени и духовни способности, нема да му го скрати она што е неопходно за одржување на животот, кој исто така претставува Негов дар." – *Здравје и среќа, 199.*

а. Наведете ги најважните елементи што се потребни за победа преку Христос. Филипјаните 4:8.

_____

_____

„Додека Бог преку Својот Свет Дух дејствува врз срцето, човекот, од своја страна, мора да соработува со Него. Мислите мора да се ограничуваат, да се држат под надзор и да се одвраќаат од сè што ја слабее и осквернува душата. Мислите мора да бидат чисти, а стремежите на срцето беспрекорни, за зборовите што излегуваат од устата да бидат угодни на Бога и корисни за оние со кои се дружиме...

Во Својата Проповед на гората, Христос на Своите ученици им ги прикажал далекосежните начела на Божјиот закон. На Своите слушатели им објаснил дека законот може да се престапи уште во мислите, пред злите желби да се претворат во дела. Затоа мораме да ги контролираме своите мисли и секогаш да ги усогласуваме со Божјиот закон. Благородните сили на умот Господ ни ги дарувал за да ги употребуваме во побожно размислување за небесните нешта. Бог ни дал изобилни можности душата постојано да напредува во побожноста и божествениот живот. Тој ни ги ставил на располагање сите средства неопходни за да напредуваме во знаењето и доблестите; а сепак, колку малку ги цениме и користиме тие предимства и сили! Колку често им дозволуваме на мислите да се задржуваат на она што е земно, сетилно и понижувачко! Своето време и мисли ги посветуваме на безначајните и ништожни работи на овој свет, а ги занемаруваме големите интереси поврзани со вечниот живот. Благородните сили на умот закржлавуваат и слабеат затоа што не ги вежбаме со размислување за она што е вредно и достојно за нивното внимание.“ – *Коментари на библиските текстови, 252, 253.*

б. Опишете ја извонредната умствена дисциплина што Павле ја негувал во својот живот. Филипјаните 4:11,12.

_____

_____

„Среќата не ја создава ниту богатството ниту умот. Среќата ја создава моралната вредност. Вистинската добрина на небото се смета за вистинска големина. Според моралните чувства се одредува вредноста на човекот. Еден човек може да поседува богатство и ум, а сепак да биде без вредност затоа што блескавиот пламен на добрина никогаш не горел на олтарот на неговото срце, бидејќи неговата совест отапела, станала нечувствителна, жигосана со себичност и грев.“ – *2. Сведоштво, 305*.

„Побожноста е навистина голема придобивка кога сме задоволни со она што го имаме. Овде се наоѓа вистинската тајна на среќата, и вистинскиот напредок и на душата и на телото.“ – *1. Сведоштво, 542.*

а. Пребивајќи во Христос, до која мера можеме да бидеме преобразени и зајакнати? Јован 15:5; Филипјаните 4:13.

_____

_____

„Сега не смееме да имаме слаба вера; не можеме да бидеме сигурни ако сме рамнодушни, пасивни и мрзливи. Треба да ја употребиме секоја способност што ни е дадена и да се впуштиме во сериозно, смирено и длабоко размислување. Во ова време, мудроста на ниту еден човек не е доволна за осмислување и спроведување на плановите. Секој свој план изнесете го пред Бога со пост и со понизност на душата пред Господ Исус, и доверете Му го својот пат на Господа. Имаме сигурно ветување дека Тој ќе ги управува нашите патеки. Неговите извори се неограничени. Светецот Израелов, Оној што ја повикува небесната војска по име и ги одржува ѕвездите на нивните места, се грижи за секој од нас поединечно." – *Selected Messages, bk. 2, p. 364.*

„Оние кои немаат доверба во себе, кои недостигот на самодоверба ги наведува да одбегнуваат грижи и одговорности, треба да бидат поучени да се потпрат на Бога. Така мнозина од оние кои инаку би биле само бројка во светот, можеби само беспомошно бреме за другите, ќе бидат способни заедно со Павле да речат: 'Сè можам преку Христос Кој ми дава сила' (Филипјаните 4:13)". – *Воспитување, 256.*

„Во сите времиња кога црквата се одрекувала од своите гревови и кога верно одела во вистината, таа била почитувана од Бога. Во верата на понизност и послушност се наоѓа сила на која светот не може да се спротивстави. Намера на Божјото провидение во поглед на Неговиот народ е тој да напредува - да напредува непрестано во усовршување на христијанскиот карактер, на патот на светлината, издигајќи се сè повисоко и повисоко во јасната светлина и знаењето и Божјата љубов сè до свршетокот на времето." – *5. Сведоштво, 484.*

„Какви и да се нашите грешки и неуспеси во минатото, ние, со Божја помош, можеме да се издигнеме над нив." – *Здравје и среќа, 516.*

б. Објаснете ја големата вредност на обсирната дарежливост. Филипјаните 4:14-19.

_____

_____

„Оној кој му го посветил својот живот на Бога за да им служи на Неговите деца е поврзан со Оној кој управува со сите богатства на вселената. Неговиот живот со златен ланец на непроменливи ветувања се поврзува со Божјиот живот, и Господ нема да го напушти во мигот на страдање и потреба... И во часови на крајна потреба, милостивите ќе најдат засолниште во милоста на сочувствителниот Спасител и ќе бидат примени во вечните живеалишта." – *Мисли од Гората на благословите, 24.*

5. СООЧУВАЊЕ СО РАСИПАНОСТА

Четврток, 22. октомври

а. Која посебна група обратени луѓе може да биде вистинско вдахновение за сите што се наоѓаат во тешки околности, и зошто? Филипјаните 4:21,22.

_____

_____

„Дури и меѓу членовите на Нероновото домаќинство имало такви кои претставувале трофеи на победата на крстот. Меѓу лошите дворјани, на уште полошиот цар, имало луѓе кои се преобраќале и станувале Божји деца. Тие го прифатиле христијанството и тоа не тајно, туку јавно. Не се срамеле поради својата вера.“ – *Делата на апостолите, 463.*

„Бог го расеал Својот народ на разни места за светлината на вистината да свети во мракот што ја обвива земјата. Колку е погуст мракот околу нас, толку посилно мора да свети нашата светлина за Бога. И доколку западнеме во тешкотии и искушенија, тоа воопшто не значи дека не се наоѓаме на местото што ни го одредило Провидението. Меѓу римските христијани Павле ги спомнува и оние „кои се од домот на Ќесарот”. За христијаните не постоела понеповолна морална атмосфера од онаа што владеела на римскиот двор за време на свирепиот и изопачен Нерон. Но тие што го примиле Христос, додека се наоѓале во служба на императорот, не мислеле дека треба да ја напуштат својата должност затоа што се обратиле. Тие верно сведочеле за Христос среде заводливите искушенија, огорченото противење и страшните опасности.

Секој кој целосно ќе се потпре на божествената благодат може неговиот живот да го направи постојано сведоштво за вистината. Никој не се наоѓа во такви прилики да не може да биде вистински и верен христијанин. Колку и да се големи пречките, сите што се решиле да го слушаат Бога пред себе ќе имаат отворен пат.

Тие што и под најнеповолни услови му остануваат верни на Бога со тоа стекнуваат најдрагоцени искуства. Со секоја совладана пречка, со секое искушение на кое му одолеале се засилува и нивната сила.“ – *5. Сведоштво, 182.*

ПРАШАЊА ЗА РАЗМИСЛУВАЊЕ

Петок, 23. октомври

1. **Како можам поуспешно да им помагам на заблудените души?**
2. **Објасни колкаво влијание има изборот на нашите мисли.**
3. **За што треба да размислувам, а од какви мисли треба да се чувам?**
4. **Објасни ја силата што произлегува од пребивањето во Христос.**
5. **Што можам да научам од христијаните што живееле во домот на Цезар?**

Да одиме достојно

ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Та да постапувате достојно за Бога, угодувајќи Му во сè, принесувајќи плод во секое добро дело и да растете во познанието на Бога, укрепувајќи се со секаква сила преку Неговата славна моќ за секаква трпеливост и великодушност со радост“ (Колосјаните 1:10,11).

Предлагаме да прочитате: *2. Сведоштво, 71-77; 8. Сведоштво, 286-289.*

„Павле со зборови ја изразил својата желба во врска со Колосјаните. Колку е возвишен идеалот што го содржат тие зборови за Христовите следбеници! Тие ги покажуваат чудесните можности на христијанскиот живот и го прават јасен фактот дека нема граници за благословите што можат да ги добијат Божјите деца.“ — *Делата на апостолите, 471.*

1. ПРИМЕР ЗА НАС

Недела, 25. октомври

а. Како апостол Павле ја изразува својата длабока доверба во духовната состојба на верниците во Колоси? Колосјаните 1:1-6.

_____

_____

„Првото и второто поглавје од Посланието до Колосјаните ми беа прикажани како израз на она што треба да бидат нашите цркви во сите делови на светот.“ – *Коментари на библиските текстови, 753.*

б. На какво дејствување оваа вера го поттикнува апостолот? Колосјаните 1:7-11.

_____

_____

„(Цитирани се Колосјаните 1:9–11). Колку е сеопфатна оваа молитва! Во благословите што имаме предност да ги бараме и примаме нема никакво ограничување. И ние можеме во молитва да бараме и да постигнеме да бидеме „исполнети со познавањето на Неговата волја“. Светиот Дух не би го вдахновил Павле да упатува таква молитва за своите браќа, ако Бог не им овозможил да го примат она за што се молел. Бидејќи е така, знаеме дека Божјата волја му се открива на Неговиот народ секогаш кога му е потребно појасно да ја разбере.“ – *Коментари на библиските текстови, 753, 754.*

2. СОЗДАВАЧКАТА СИЛА ВО ХРИСТОС

Понеделник, 26. октомври

а. Опишете го славното искуство што го прикажува апостолот – и како, останувајќи во него, можеме да ја одржиме својата вера силна. Колосјаните 1:12-14.

_____

_____

„Би требало цврсто да стоиме во слободата која Тој ни ја подарил и да се радуваме во вистината. На Бога не Му е угодно да одиме да слушаме погрешни учења без да сме приморани. Тој не нè праќа на такви собири каде што заблудата преку силата на силната волја му се наметнува на народот и Тој таму нема да нè чува. Ангелите престануваат будно да бдеат над нас и ние останuваме препуштени на ударите на непријателот, за да бидеме заслепени и ослабени од него и од силата на неговите зли ангели, и светлината што нè опкружува станува нејасна под влијание на темнината...

Ние немаме време да слушаме измислици. Наместо така да се одвлекуваат, нашите мисли треба да бидат целосно обземени со сегашната вистина; треба да бараме мудрост за што појасно да ја сфатиме својата положба и да бидеме во состојба со кротост да дадеме библиски одговор на секој кој ќе нè запраша за нашата надеж.“ – *Рани списи, 124, 125.*

„Бог ’нè избави од власта на темнината и нè пренесе во царството на Својот драг Син’ (Колосјаните 1:13). Сето тоа ни е понудено во Неговата Реч. Ако ја примиме Речта, ќе бидеме ослободени.“ – *Копнежот на вековите, 320.*

б. На кој начин, споредувајќи ги библиските текстови, можеме појасно да го разбереме значењето на Христовата превозвишеност? Колосјаните 1:15, 18; споредете ја употребата на зборот „првороден“ во Псалм 89:20, 27 и 1. Самоилова 16:11-13.

_____

_____

„Ние имаме само една совршена слика за Бога – а тоа е Исус Христос.“ – *Коментари на библиските текстови, 754.*

в. Што открива дека Христос е Бог? Колосјаните 1:16,17; Јован 1:1-3; Евреите 1:2.

_____

_____

„Преку Христос - Речта, Бог, Кој е личност, го создал човекот и го надарил со разум и сила.“ – *Здравје и среќа, 415.*

„Раката која ги одржува световите во просторот, раката која одржува сè по целата Божја вселена во уреден поредок и неуморна активност, тоа е раката што била прикована на крстот поради нас.“ – *Воспитување, 132.*

а. Што мораме да разбереме за длабокото значење на Христовата мисија во Неговото доаѓање како Син Човечки? Колосјаните 1:19,20; 2:9.

_____

„За да се разбере целосно вредноста на спасението, потребно е да се сфати платената цена. Поради погрешните поими за Христовите страдања, многумина не го ценат доволно големото дело на помирувањето... Во тој план се огледува чудесната Божја љубов кон паднатиот род." – *2. Сведоштво, 200.*

„Иако Христовата божествена слава за извесно време била прикриена со тоа што ја зел врз Себе човечката природа, Тој, сепак, со самото тоа што станал човек не престанал да биде Бог. Човечкото во Него не го зазело местото на божественото, ниту, пак, божественото го исклучувало човечкото. Во тоа се состои тајната на побожноста. Она што го изразуваме со зборовите „човечко" и „божествено" било неразделно соединето во Христос, а сепак и едното и другото ја задржале својата особеност.

Иако се понизил станувајќи човек, Христос и понатаму го задржал Своето божество. Неговото божество не можело да исчезне додека Тој верно и вистински ја исполнувал Својата мисија. Опкружен со тага, страдања и морална изопаченост, презрен и отфрлен од народот на кој му биле доверени живите небесни пророштва, Исус сепак можел да зборува за Себе како за Синот Човечки кој е на небото. Тој бил подготвен повторно да ја прими Својата божествена слава дури откако ќе го заврши Своето дело на земјата." – *Коментари на библиските текстови, 538.*

„Исус го поврзал крстот со светлината што доаѓа од небото, бидејќи токму таму требало да биде насочено вниманието на луѓето. Крстот е непосредно осветлен од светлината на божественото лице, така што, гледајќи кон крстот, луѓето можат да Го запознаат Бога и Исус Христос, Кого Тој Го испратил. Гледајќи го Оној што го дал Својот живот за нас, ние Го гледаме Бога. Гледајќи ги крстот и жртвата принесена на него, нашиот поглед се издигнува кон Бога, а тоа ни ја открива Неговата омраза кон гревот. Но додека во крстот ја гледаме Божјата омраза кон гревот, во него исто така ја гледаме и Неговата љубов кон грешникот – љубов посилна и од самата смрт." – *Коментари на библиските текстови, 546.*

б. Како апостолот го сумира делото што Христос го врши за оние што целосно Му се предаваат? Колосјаните 1:21,22.

„Христос овозможил Неговата црква, исполнета со славата на Емануел, да биде преобразено тело, осветлено со небесна светлина. Негова цел е секој христијанин да биде опкружен со духовна атмосфера на светлина и мир. Нема граници за корисноста на оној што, откажувајќи се од сопственото јас, Му дозволува на Светиот Дух да дејствува во неговото срце и живее живот на целосна посветеност на Бога." – *8. Сведоштво, 19.*

а. Под кој важен услов е целосно загарантирано спасението на оние што доаѓаат кај Христос? 1. Коринтјаните 15:1,2; Колосјаните 1:23.

_____

„Не можеме да имаме променлива вера. Евангелието треба не само да се објавува, туку и лично да се прими. Општото согласување со него не е доволно. Вистината мора свесно да се прифати со срцето, а оној што ја прима треба цврсто да остане во неа и истрајно да им го пренесува на другите знаењето што го примил. Вистината мора да се применува во секој аспект од животот, држејќи се за зборот на животот: „преку Него и се спасувате, ако го држите како што ви проповедав, освен ако не сте поверувале напразно“ (1. Коринтјаните 15:2).

Постојат и исповедања на верата што се толку измешани со природните црти на човечкиот карактер, што ја изгубиле својата спасоносна сила и препознатливата сличност со Христос. Иако велите дека сте богати, на крајот ќе сфатите дека сте бедни, несреќни, сиромашни, слепи и голи. Таму каде што постои површна вера и живот што не е во согласност со Христовите учења, верата е напразна. Во вашето срце мора да се наоѓа или богатството на добрината или богатството на злото. Од доброто богатство на срцето, оној што ја примил вистината изнесува добро. Оној што тврди дека верува, а не ја спроведува верата во животот, ќе изнесува само зло што ранува, обесхрабрува и уништува.

Те молам, драг брате, не биди дете во разбирањето. Биди дете во послушноста кон Божјиот збор. Христос вели: „Зошто Ме нарекувате: Господи, Господи!, а не го правите она што го зборувам?“ Доследноста во нашите зборови, трпението и кротоста ќе Го откријат Христос во нашето срце. Сериозно работи на себе, брате мој, и постојано напредувај, чекор по чекор, сè додека не станеш победник“ – *Manuscript Releases, vol. 9, pp. 213, 214.*

б. Како Павле го опишува својот повик? Колосјаните 1:24,25; 2. Коринтјаните 11:28-30.

_____

_____

„Црпиме храброст од Павловото искуство. Тој минувал низ многу неволји. Бил неуморен работник и постојано патувал, понекогаш низ пусти и негостољубиви области, а често и преку море, изложен на бури и невремиња. Неговата положба била далеку потешка од нашата, бидејќи патувал во време кога не постоеле погодностите што ги имаме денес. Но Павле не дозволил ништо да го одвои од неговата животна задача.“ – *Коментари на библиските текстови, 711.*

5. ТАЈНАТА ШТО ДЕЛУВА

Четврток, 29. октомври

а. На кој единствен начин христијаните можат да бидат жив пример на Евангелието што треба да го споделуваме? Колосјаните 1:27-29.

„Благодарение единствено на Христовата сила, мажите и жените ги искинале синџирите на грешните навики и се откажале од себичноста и од своето „јас". Непосветениот станал побожен, пијаницата трезвен, разузданиот чист. Душите што на себе носеле жиг на сатаната, се преобразиле и се здобиле со Божји лик. Таа промена сама по себе претставува чудо над чудата. Оваа промена, предизвикана со Божјата реч, е една од најдлабоките тајни на Речта. Ние тоа не можеме да го сфатиме; можеме само да веруваме; тоа е она што Светото писмо го нарекува 'Христос во вас, надежта на славата.'" – *Делата на апостолите, 476.*

„Потребни се посветени, самопожртвувани луѓе кои нема да се повлекуваат пред неволјите и одговорностите; луѓе кои се храбри и искрени, во чиешто срце Христос навистина е „надеж на славата", и кои ќе ја „проповедаат речта" со уста допрена од свет оган. Затоа што нема такви работници, Божјото дело заостанува, а судбоносни заблуди, слично на смртоносен отров, го поткопуваат моралот и ги уништуваат надежите на голем дел од човечкото семејство." – *Делата на апостолите, 507.*

„Ако Христос е во вас 'надеж на славата', вие нема да имате склоност да демнете над другите за да ги обелодените нивните погрешки. Наместо желбата да осудувате и обвинувате, ваша цел ќе биде да помогнете, да благословувате и спасувате. Во постапките со оние кои грешат ќе внимавате на налогот: Пазете 'и вие да не бидете искушани' (Галатјаните 6:1). Сетете се колку пати и вие сте заталкале и колку било тешко да се најде вистинскиот пат кога веќе еднаш сте го напуштиле. Нема да го туркате својот брат во уште поголема темнина, туку со срце полно со сожалување ќе му зборувате за опасностите кои му се закануваат.

Кој често го насочува својот поглед кон крстот на Голгота, имајќи на ум дека неговите гревови го одвеле таму Спасителот, никогаш нема да се обидува да го преценува степенот на својата вина во споредба со вината на другите. Тој нема да се качува на судскиот стол обвинувајќи ги другите. Кај оние што одат во сенката на крстот на Голгота, нема да има критичарски дух или самовозвишување." – *Мисли од гората на благословите, 128.*

ПРАШАЊА ЗА РАЗМИСЛУВАЊЕ

Петок, 30. октомври

1. **Која Павлова желба за Колосјаните треба и ние денес да ја примениме на себе?**
2. **Како Библијата Го велича Христос како Создател на сè?**
3. **Зошто е од суштинско значење правилно да ја разбереме Христовата природа?**
4. **Иако некој може да Го исповеда Христос, какво занемарување ја поткопува вистинската вера во Него?**
5. **Зошто е толку важно денес Христос да биде во нас – надежта на славата?**

ДАР ВО ПРВАТА САБОТА

Сабота, 7. ноември 2026.



За Издавачкиот оддел на Генералната конференција

Во последните неколку години, во првата сабота од ноември, во оваа лекција имавте можност да прочитате апел што содржеше неколку цитати од Духот на пророштвото во врска со ширењето на литературата, со посебен нагласок на потребата ова дело да се проширува – што е во целосна согласност со времето во кое живееме.

Меѓутоа, овој пат би сакале да споделиме со вас некои информации што ќе ви помогнат подобро да ја разберете оваа потреба.

Пред неколку години печатевме 10.000 примероци од Библиските лекции на англиски јазик, достапни по пониска цена благодарение на поголемиот тираж. Во моментов, тој број е намален на околу 2.000 примероци, што, за жал, ја зголемува цената на печатењето по примерок. Овој тренд на намалување на бројот на печатени лекции е последица на погодностите што ги нудат бесплатните онлајн апликации, што, од друга страна, претставува благослов од технолошкиот напредок.

Следејќи го светскиот тренд, Генералната конференција разви апликација преку која можете да ги проучувате неделните Библиски лекции на својот јазик. Во моментов се достапни 22 јазици, како и врски до претходните лекции на англиски јазик. Апликацијата можете да ја најдете во Google Play Store и Apple App Store под имињата „Sabbath Bible Lessons“, „Church Hymnal“ или „SDARM“. Преку апликацијата исто така е овозможен пристап до детските лекции и до гласникот за Молитвената седмица.

Нашата веб-страница „sdarm.org“ ви овозможува пристап до претходните лекции, а во моментов се достапни Библиски лекции на 53 јазици. Ние го препознаваме и високо го цениме посветениот труд на нашите преведувачи волонтери. Достапноста на материјалите преку интернет е навистина голем благослов и повторно Му благодариме на Бога за можностите што ги нуди технологијата.

Меѓутоа, исто така е вистина дека онлајн материјалите не можат да ја заменат потребата од печатена литература во многу делови од светот.

Издавачкиот оддел на Генералната конференција бесплатно испраќа печатени изданија од Библиските лекции, Гласникот на реформацијата и списанието Youth Messenger во повеќе од 30 мисии ширум светот. Тоа значи дека и печатењето и испораката на овие материјали финансиски се поддржуваат од даровите што се собираат секој ноември. Лесно може да се согледа дека овие дарови не се доволни за да ги покријат сите трошоци.

Затоа, ве молиме однапред да го испланирате својот дар за литература за оваа сабота, за преку него да можеме да направиме што е можно повеќе во ширењето на скапоцената вест меѓу луѓето.

Издавачки оддел на Генералната конференција

Зајакнати од Спасителот

ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Поради тоа, како што Го примивте Господ Исус Христос, така и одете по Него, вкоренети и утврдени во Него и укрепени во верата, како што сте научени, изобилувајќи во неа со благодарност“ (Колосјаните 2:6,7).

Предлагаме да прочитате: *1. Сведоштво, 290-302.*

„Пред себе го имате големиот Пример, Исус Христос; одете по Неговите стапки и ќе бидете оспособени за секоја положба на која ќе бидете повикани.“ — *Fundamentals of Christian Education, p. 303.*

1. СИГУРЕН ИЗВОР

Недела, 1. ноември

а. Во време кога ни се достапни толку многу информации, каде нè упатува апостолот да ги бараме вистинските одговори? Колосјаните 2:1-4.

_____

_____

„Ми беше заповедано да му кажам на нашиот народ: Да го следиме Христос. Не заборавајте дека Тој треба да биде наш пример во сè. Идеите кои не се наоѓаат во Неговото учење можеме да ги отфрлиме без никаков страв. Ги повикувам нашите проповедници: Настојувајте вашите нозе цврсто да стојат на тлото на вечната вистина. Внимавајте да не се управувате според вашите побуди нарекувајќи го тоа Светиот Дух. На некои им се заканува опасност во тој поглед. Јас ги повикувам да бидат здрави во верата, способни да дадат одговор на секој кој ќе ги запраша за нивната надеж.“ – *8. Сведоштво, 296.*

„Ние се приближуваме на крајот на времето и денес не треба да се прилагодуваме на вкусовите и склоностите на овој свет, туку на Светиот Дух; ние денес треба да испитуваме што вели Светото писмо и потоа да одиме по светлината што Бог ни ја дал. Нашите склоности, навики и обичаи не смеат да бидат на прво место.“ – *5. Сведоштво, 506.*

б. Поради кои скапоцени особини апостолот особено ги пофалува верниците во Колоси? Колосјаните 2:5.

_____

_____

а. Како треба да растеме на секој чекор од нашиот христијански живот – и како тоа треба да нè води во воспитувањето на идните поколенија? Колосјаните 2:6,7.

_____

„Најдоброто воспитување што можеме да им го дадеме на децата и младите е она што е најтесно поврзано со идниот, бесмртен живот. Таквото воспитување треба да го обезбедат побожните родители, посветените учители и Црквата, за младите, од своја страна, да станат ревносни мисионери, било во домашните било во странските мисионски полиња. Треба усрдно да ги поучуваме во библиските вистини, за да станат столбови во Црквата, борци за вистината, вкоренети и утврдени во верата. Треба да знаат во што веруваат и во божествените работи да стекнат такво искуство што никогаш нема да ја изневерат светата доверба. Младите треба да ги поучуваме, и со збор и со пример, да бидат Божји работници, весници на милоста, подготвени за секое добро слово и дело, за да бидат благослов за оние што се наоѓаат на работ на пропаста.“ – *Fundamentals of Christian Education, p. 231.*

б. Со оглед на световниот начин на размислување што преовладува денес, која суштински важна перспектива мораме секогаш да ја имаме на ум? Колосјаните 2:8; 1. Коринтјаните 3:19.

_____

„И најпроникливиот ум на светот, ако не е просветлен со Божјиот збор, станува збунет и залутува во обидот да проникне во прашањата на науката и откровението. Творецот и Неговите дела ја надминуваат моќта на сфаќање на ограниченият човечки ум; и луѓето, бидејќи не се во состојба да ги објаснат Божјите дела и патишта со природни причини, заклучуваат дека библиската историја е несигурна. Многумина, во своите настојувања да Му ја оспорат на Бога Неговата семоќна власт и сила во уредениот поредок на вселената, го понижуваат и човекот, најблагородното од сите Негови созданија. Теориите и претпоставките на филозофијата би нè навеле да веруваме дека човекот настанал преку постепен и бавен развој, не само од состојба на дивјаштво и заостанатост, туку и од најниските облици на животинскиот свет. Не признавајќи ја Божјата чудотворна моќ, тие го уништуваат и човековото достоинство.

Бог го просветлил човечкиот ум и преку достигнувањата на уметноста и науката го исполнил светот со изобилство светлина. Но оние што сето тоа го набљудуваат од чисто човечка гледна точка неизбежно доаѓаат до погрешни заклучоци. Прикриени под плаштот на филозофијата и науката, се вовлекуваат скептицизмот, заблудите и неверството. Сатаната многу лукаво го користи тоа за да ги придобие душите, одвојувајќи ги од живиот Бог, од вистината и од верата.“ – *Коментари на библиските текстови, 754, 755.*

а. Што мораме да разбереме за Христовата природа? Колосјаните 2:9.

_____

„Колку чудесно соединување на човечкото и божественото!... Вечното Слово се согласило да стане тело! Бог станал човек! Тоа било чудесно и несфатливо понижување.“ – Коментари на библиските текстови, 534.

„Христос не можел да дојде на оваа земја во славата што ја имал во небесните дворови. Очите на грешните човечки суштества не би можеле да ја поднесат. Своето божество Тој го прикрил со облеката на човечката природа, но притоа не се лишил од Своите божествени својства. Како божествено-човечки Спасител, застанал на чело на паднатиот човечки род и ги споделувал човечките искуства од детството па сè до зрелоста.

Христос не го заменил Своето божество со човечка природа, туку Своето божество го облекол во човечко тело.

Бидете внимателни, исклучително внимателни, кога зборувате за Христовата човечка природа. Не Го прикажувајте пред луѓето како човек склон кон грев. Тој е вториот Адам. Првиот Адам бил создаден како чисто и безгрешно суштество, без ниту една дамка од грев; врз себе го носел Божјиот лик. Тој можел да падне и паднал поради престапот. Поради гревот, неговите потомци се раѓаат со наследна склоност кон непослушност. Но Христос е Единородниот Божји Син. Тој ја зел врз Себе човечката природа и бил искушуван во сè во што се искушуваат луѓето. Можел да згреши и да падне, но во Него ниту за еден миг не постоела склоност кон зло.“ – *Коментари на библиските текстови, 536.*

б. Што открива дека Неговата моќ е целосно доволна да нè спаси? Колосјаните 2:10.

_____

_____

„Преку Својата послушност кон сите Божји заповеди, Христос им донел спасение на луѓето. Тоа не го сторил препуштајќи ја таа должност на некој друг, туку Самиот ја зел врз Себе човечката природа. На тој начин Христос му подарил на човечкиот род живот што извира од Него. Да го соедини човечкото со Христос, да го доведе паднатиот човечки род во единство со божественото – тоа е делото на откупувањето. Христос ја зел човечката природа за луѓето да можат да бидат едно со Него, како што е Тој едно со Отецот; за Бог да може да го љуби човекот како што Го љуби Својот Единороден Син; за луѓето да можат да станат учесници во божествената природа и да бидат целосни во Него...

Ова единство сликовито е прикажано преку лозата и прачките. Ограниченият човек се соединува со Христовата човечка природа. Преку верата, човечката природа се соединува со Христовата природа. Во Христос стануваме едно со Бога.“ – *Selected Messages, bk. 1, pp. 250, 251.*

а. Опишете го искуството што е претставено со крштевањето. Лука 3:16; Колосјаните 2:11-13.

_____

„Крштавањето е најсвечено одрекување од светот. Оние кои се крстени во тројното име на Таткото, Синот и Светиот Дух јавно изјавуваат на самото влегување во својот христијански живот дека се откажале од службата на сатаната и дека станале членови на царското семејство, деца на небесниот Цар. Тие се покориле на заповедта: 'Излезете од нивната средина и одделете се... и не допирајте се до нечисто'. На нив се исполнило ветувањето: 'Јас ќе ве примам и ќе ви бидам Татко, а вие ќе Ми бидете синови и ќерки, вели Господ Седржителот' (2. Коринтјаните 6:17,18)." – *6. Сведоштво, 91.*

„Господ го подготвува Својот народ за небото. Карактерните недостатоци, упорноста во наметнувањето на својата волја, себичноста која претставува вистинско идолопоклонство, пронаоѓањето на туѓи грешки, омразата и кавгата кои го предизвикуваат Божјиот гнев, мораат да се искоренат од народот кој ги држи Неговите заповеди... Бог ќе им упатува на припадниците на Својот народ зборови на укор и опомена сè додека живеат на овој свет." – *4. Сведоштво, 180.*

б. Што треба да разбереме за уредбите што биле приковани на крстот? Колосјаните 2:14,15.

_____

„Кога Светилиштето било завршено, Бог со Мојсеја разговарал од облакот над престолот на милоста и му давал одредени упатства во врска со принесувањето на жртвите и церемониите што требало да се извршуваат за време на богослужението. Така на Мојсеја му бил даден церемонијален закон кој го запишал во книга. Но десетте заповеди, објавени на Синај, ги напишал лично Бог на камени плочи кои неповредливо се чувани во ковчегот на заветот.

Има многу луѓе кои се обидуваат да ги мешаат тие два система. Тие наведуваат стихови што зборуваат за церемонијалниот закон за да докажат дека моралниот закон е укинат. Но тоа е погрешно толкување на Светото писмо. Разликата меѓу овие два система е голема и јасна. Церемонијалниот систем се состоел од симболи кои укажувале на Христос, на неговата жртва и на неговата служба како свештеник. Тој ритуален закон со своите жртви и прописи, Евреите требало да го применуваат сè додека симболите не се исполниле во смртта на Исус Христос - Божјото јагне - кое 'ги зема гревовите на светот'. Тоа е оној закон што го зел Христос 'од средината и го прикова на крстот' (Колосјаните 2:14). Но, во врска со законот од десет заповеди псалмистот кажува: 'Твоето слово засекогаш е утврдено на небото' (Псалм 119:89)." – *Патријарси и пророци, 364, 365.*

5. РАЗВИВАЊЕ НА РАСУДУВАЊЕТО

Четврток, 5. ноември

а. За разлика од саботата, седмиот ден од Десетте заповеди (Излез 20:8-11), во каков поинаков контекст се употребува зборот „саботи" во Колосјаните 2:16, 17? Објаснете ја разликата. Левитска 23:37-39; Евреите 10:1-4.

_____

„Павле настојувал мислите на своите слушатели да ги насочи кон големата жртва за гревовите на светот. Прво им укажал на жртвите што биле само симбол и сенка на стварноста што требало да дојде, а потоа го истакнал Христос како стварност на сите тие церемонии и како цел на која тие укажувале - на единствениот извор на животот и надежта за паднатиот човек. Светите луѓе уште од дамнина всушност се спасувани само со вера во Христовата крв. Набљудувајќи ја смртната агонија на жртвуваните животни, тие преку амбисот на вековите својот поглед го насочувале кон Божјото Јагне кое било наменето да ги земе на себе гревовите на светот." – *Делата на апостолите, 424.*

б. Наведете примери за она на што Павле нè предупредува во Колосјаните 2:18-23.

_____

„Учителите на спиритизмот им пристапуваат на луѓето на привлечен и заводлив начин за да ги измамат; и ако ги слушате нивните измислици, ќе бидете заведени од непријателот на правдата и сигурно ќе го загубите спасението. Штом еднаш ќе потпаднете под маќепсувачкото влијание на големиот измамник, ќе бидете затруени од неговото влијание, а неговото смртоносно учење ќе ја уништи вашата вера во Христос како Божји Син и ќе престанете да се потпирате на заслугите на Неговата крв. Оние што се заведени од таквата филозофија се восхитуваат од наградата што, всушност, е само сатанска измама. Тие се потпираат на сопствените заслуги и доброволно поднесуваат понижување. Дури се подготвени и да се жртвуваат, но притоа го жртвуваат сопствениот здрав разум, верувајќи во целосни бесмислици и прифаќајќи најапсурдни идеи преку оние за кои веруваат дека се нивни починати роднини и пријатели. Сатаната толку им ги заслепува очите и им го изопачува расудувањето, што тие не го забележуваат злото и прифаќаат упатства што, наводно, доаѓаат од нивните починати роднини и пријатели, за кои веруваат дека сега се ангели во некоја повисока сфера." – *1. Сведоштво, 297.*

ПРАШАЊА ЗА РАЗМИСЛУВАЊЕ

Петок, 6. ноември

1. **Зошто е мудро да ги ценам поуките што ги добивам од Библијата?**
2. **Наведи некои од подмолните опасности со кои се соочувам ако се стремам кон високо световно образование.**
3. **Како познавањето на Христовата природа може да нè направи подобри луѓе?**
4. **Што треба да разберам за Колосјаните 2:14,15?**
5. **За кои саботи зборува Павле во Колосјаните 2:16,17?**

Одразувајќи ја вечноста

ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Мислете за небесното, а не за земното“ (Колосјаните 3:2).

Предлагаме да прочитате: *4. Сведоштво, 92-94, 350-359; Messages to Young People, pp. 102–118.*

„За да можеш своите способности и знаење да ги користиш така вешто во спасување на душите и во објавувањето на вистината на оние кои сè уште се во темнина како што тоа го правеше во стекнување на заработувачка и зголемување на својот земен имот, твојата круна во царството на славата би била украсена со многу ѕвезди.“ – *4. Сведоштво, 358.*

1. ДА ГО ЗАДРЖИМЕ ФОКУСОТ

Недела, 8. ноември

а. Кон што треба да биде насочено вниманието на сите што Му се предаваат на Христос? Колосјаните 3:1.

„Ние сме воскреснати со Христос. Христос е нашиот живот. Во Својата милост и нежна љубов, Тој нè прогласува за избрани, усвоени, помилувани и оправдани. Затоа, величајте Го Господа.“ – *Selected Messages, bk. 2, p. 245.*

„Сопственото ’јас’ мора во тебе да умре и мораш да живееш во Бога. ’И така, ако сте воскреснале заедно со Христос, барајте го она што е горе, каде што Христос седи оддесно на Бога’. Не дозволувај да те води сопственото ’јас’. Гордоста, самољубието, себичноста, лакомоста, алчноста, љубовта кон светот, омразата, сомничавоста, зависта, лошите претпоставки - сето тоа мора да се победи и да се жртвува засекогаш. Кога Христос ќе се појави, Тој нема да ги отстранува тие зла, притоа давајќи морална подготвеност за Неговото доаѓање. Сите тие подготовки мора да ги извршиме пред Тој да се појави. Предмет на нашето размислување и најсерѕното прашање секогаш треба да биде: Што треба да правиме за да се спасиме? Што треба да правиме за да Му угодиме на Бога?

Кога ќе паднеш во искушение да мрмориш, осудуваш и нерасположено да ги рануваш сите околу себе, ранувајќи ја со тоа и својата душа, запрашај од длабината на своето битие: Дали ќе бидам беспрекорен кога ќе се најдам пред Божјиот престол? Таму ќе бидат само оние што се беспрекорни. Никој нема да биде примен во небото додека срцето му е полно со овоземна нечистотија. Секој недостаток во карактерот мора овде да се отстрани, секоја дамка на гревот треба да се испере со Христовата крв, а секоја непожелна и одвратна особина мора да се победи.“ – *1. Сведоштво, 705.*

а. Кој свесен избор треба доследно да го правиме за да го зачуваме своето спасение? Колосјаните 3:2, 3; Откровение 3:11.

„Нашиот ум се издигнува до висината на она на што се задржуваат нашите мисли; и ако постојано размислуваме само за земните работи, нема да го примиме печатот на она што е небесно. Размислувањето за Божјата милост, добрина и љубов би ни донело големи благослови, додека со задржувањето на минливите земни работи само ја зголемуваме својата загуба. Ние дозволуваме тагата, грижите и недоумиците постојано да ги врзуваат нашите мисли за оваа земја, и така од кртичњаци правиме планини од тешкотии...

Не смееме да дозволиме минливите земни работи да го обземат целото наше внимание и нашиот ум да биде исполнет само со мисли за земјата и за она што е земно. Мораме да го воспитуваме, дисциплинираме и образуваме умот така што нашите мисли ќе бидат насочени кон небесното и ќе се занимаваме со она што е невидливо и вечно, а што можеме да го распознаеме само со духовниот вид. Набљудувајќи Го на тој начин Оној што е невидлив, можеме да стекнеме сила на умот и освежување на духот." – *Коментари на библиските текстови, 698.*

б. Која возвишена предност му е дадена на секој Христов следбеник, и како можеме активно да ја искористиме? Колосјаните 3:4; 1. Јованово 3:2,3.

_____

„Нашиот живот треба да биде скриен со Христос во Бога, и тогаш иако 'уште не се знае што ќе бидеме - кога ќе се појави Христос Кој е наш живот, – ќе бидеме како и Тој, бидејќи ќе Го видиме каков што е'. Царското достоинство на христијанскиот карактер ќе блеска како сонце, а зраците на светлината од Христовото лице ќе се одразуваат јасно на оние кои ќе се очистат од гревовите и ќе бидат чисти како што е Тој. Предноста да станеме Божји синови е евтино платена, дури и ако поради тоа треба да жртвуваме сè што имаме, па и самиот живот.

Драг мој брате, мораш да се соочиш со фактот дека би требало да бидеш човек според Божјото срце. Тоа што другите се осмелуваат во своите зборови и постапки да не се држат строго за христијанските критериуми, не треба да ти служи како изговор. Ти пред Судијата на целиот свет ќе мораш да станеш, не да одговараш за другите, туку за себе. Недостатоците на другите во никој случај не можат да бидат изговор за нашите пропусти, бидејќи пред Бога сите имаме лични одговорности, а Христос со Својот беспрекорен живот ни оставил совршен Пример...

Искушенијата и понатаму ќе продолжат да нè облетуваат, бидејќи на тој начин треба да бидеме испитани сè додека трае времето на нашата проверка. Самото искушение не претставува никаков грев; гревот настанува кога им попуштаме на искушенијата." – *4. Сведоштво, 357, 358.*

а. Држејќи се цврсто за Христос, што мораме да умртвиме – и на кој единствен начин е тоа можно? 1. Петрово 2:11; Колосјаните 3:5-8.

„Апостол Петар ни дава задача да се чуваме од 'телесните желби кои војуваат против душата'. Секое изопачено барање станува страст. Попуштањето на апетитот го загрозува не само телесното здравје, туку често е и причина за болест на душата. Телесните желби кои апостолот ги спомнува не се однесуваат само на престап на седмата заповед, туку на секое попуштање на барањата кои ги намалуваат физичките сили и стануваат страст...

Ти треба да негуваш самоконтрола. Пороците кои требало да ги научиш во младоста мораш да ги совладаш сега. Привикнувај се да умираш за себичноста и за сопственото 'јас'; настојувај својата волја да ја потчиниш на Христовата волја." – *4. Сведоштво, 215.*

„Кога христијанинот го дава својот крштенички завет, нему му се ветува божествена помош. Отецот, Синот и Светиот Дух се подготвени да дејствуваат за него. Како одговор на неговата молитва, Бог му ги става на располагање небесните ризници за да може да стане победник. Човекот сам по себе има малку сила, но Бог е семоќен и Тој е негов Помошник. Секој ден треба да ги изнесува своите потреби пред престолот на милоста. Преку вера и доверба, користејќи ги средствата што му се ставени на располагање, тој може да стане повеќе од победник." – *Our High Calling, p. 157.*

б. Кога нашето срце ќе биде обновено, како тоа ќе се одрази врз нашите зборови? Колосјаните 3:9,10.

„Сè што прават христијаните треба да биде јасно како сончевата светлина. Вистината е од Бога, а лагата, во сите свои безбројни облици, потекнува од сатаната; и оној кој на кој било начин скршне од правиот пат на вистината, се предава себеси на силата на Злиот. Сепак, не е едноставно ниту лесно да се зборува правата вистина. Вистината можеме да ја кажеме само ако ја познаваме. Колку пати предрасудите, однапред создаденото мислење, недоволното знаење, погрешните проценки, го спречуваат вистинското разбирање на проблемот кој мораме да го решаваме. Ние нема да бидеме во состојба да ја зборуваме вистината, ако со нашиот разум постојано не управува Оној кој и самиот е вистина." – *Мисли од Гората на благословите, 68.*

„Сатаната ликувал, бидејќи успеал да го унижи Божјиот лик во човештвото. Тогаш дошол Исус да го обнови во човекот ликот на Творецот. Само Христос можел повторно да го вообличи карактерот изопачен од гревот. Тој дошол да ги растера демоните кои господареле со волјата. Дошол да нè подигне од правта, повторно да го обликува уништениот карактер, според примерот на Својот божествен карактер и да го разубави со Својата слава." – *Копнежот на вековите, 37.*

а. Опишете ја Божјата порака упатена до целиот човечки род што Тој го создал. Дела 17:24,26,27; Колосјаните 3:11.

_____

„(Христос) го нашол човештвото потонато во мизерност и грешност. Тој знаел дека мажите и жените се расипани и деградирани и дека се оддаваат на најодвратни пороци. Ангелите се восхитувале што Христос се нафаќа на задача која им изгледала безнадежна. Тие се восхитувале како Бог може да трпи таков грешен род. Тие никаде не можеле да видат место за љубов. Но 'Бог толку го возљуби светот, што го даде Својот Единороден Син, та секој, кој верува во Него, да не загине, туку да има вечен живот.'"

Христос дошол на овој свет со вест на милост и простување. Тој ги поставил темелите на една вера по патот по кој Евреите и незнабошците, црните и бели луѓе, слободните и робовите, се обединети во заедничко братство како рамноправни во Божјите очи. Спасителот чувствува безгранична љубов кон секое човечко суштество. Тој гледа дека во секого постои способност за подобрување. Со Божествена енергија и надеж Тој ги поздравува оние поради кои го дал Својот живот. Во Неговата сила тие можат да живеат живот богат во добри дела, исполнети со сила на Светиот Дух." – *7. Сведоштво, 225.*

б. Наведете некои начини на кои нашите зборови и постапки можат да откријат повисоко ниво на христијански живот од она што најчесто се гледа. Колосјаните 3:12-14.

_____

„Ако некој брат направил јавен грев, не пренесувај го тоа на другите, туку со љубов кон душата на својот брат и со срце полно сочувство и милост укажи му на заблудениот на неговиот грев, а потоа препушти му го тоа нему и на Господ. Со тоа си ја извршил својата должност. Не е твое да изрекуваш пресуда.

Стана мошне лесно да се создаде сплетка со која некој брат ќе биде ограничен, осуден и држен под осуда. Постои извесно ревнување за Бога, но не според разумот. Кога секој би настојувал најнапред сè да биде како што треба во неговото сопствено срце, сведоштвото на верниците би доаѓало од длабината на душата кога тие би се состанале, и тоа би имало добро влијание на оние што сè уште не ја прифатиле вистината. Таквата манифестација на Божјиот Дух би им зборувала на нивното срце дека навистина сте Божји деца. Нашата меѓусебна љубов треба да биде видлива за сите што нè опкружуваат. Тогаш таа ќе биде речита и ќе шири силно влијание...

Започнете со лична задача, бидете поревни и покајте се; и откако ќе ги исправите сите познати грешки верувајте дека Бог ќе ве прими. Не жалете се, туку во молитва повикајте се на Божјите ветувања." – *1. Сведоштво, 165.*

а. Во денешниот свет исполнет со непријателство, наведете некои од освежувачките особини на вистинскиот живот во Христос. Колосјаните 3:15-17.

„Да заборавиме на сопствените тешкотии и проблеми и да го фалиме Бога за можноста што ни ја дал да живееме, прославувајќи го Неговото Име. Дозволете им на свежите благослови од секој нов ден да разбудат чувство на благодарност во вашите срца, за тие очевидни докази на Неговата грижлива љубов. Кога наутро ќе ги отворите очите, прво заблагодарете Му на Бога за тоа што ве чувал во текот на таа ноќ. Заблагодарете Му за Неговиот мир што го чувствувате во срцето. Нека изразите на вашата благодарност наутро, напладне и навечер се издигнуваат кон небото како сладок, мил мирис.

Кога некој ќе ве праша како сте, не обидувајте се да се присетите на нешто тажно, со цел да придобиете сочувство. Не зборувајте за својот недостиг на вера, ниту за своите неволји и страдања. Искушувачот се насладува кога слуша такви зборови. Вие го воздигнувате него, кога зборувате за она што е полно со тегоби и мрачно. Воопшто не треба да мислиме на тоа дека сатаната има голема моќ и дека може да нè надвладее. Кога зборуваме за неговата сила, ние честопати се предаваме себеси во негови раце. Наместо тоа, ајде да зборуваме за големата сила и моќта на Оној Кој ги поврзува сите наши интереси со Своите. Да зборуваме за Христовата сила, која не може да се спореди со ништо и да ја величаме Неговата слава. Целото небо е заинтересирано за нашето спасение. Илјада илјади и десет пати по десет илјади ангели се повикани да им служат на оние што ќе бидат наследници на спасението. Тие нè штитат од злото и ги одбиваат силите на темнината, кои се стремат да нè уништат. Зар немаме доволно голема причина да бидеме благодарни во секој момент, дури и тогаш, кога на нашиот животен пат се испречуваат тешкотии?“ – *Здравје и среќа, 253.*

„На главата на секој победник Исус со Својата десница става славна круна што го носи Неговото лично ’ново име’ (Откровение 2:17) и натпис: ’Посветен на Господа!’ Во секоја рака се наоѓа победничка палма и блескава харфа. А потоа, на знак на ангелот кој дава интонација, секоја рака вешто ги допира жиците од харфата, извлекувајќи од нив слатка музика во богати и мелодични акорди.“ – *Големата борба, 646.*

ПРАШАЊА ЗА РАЗМИСЛУВАЊЕ Петок, 13. ноември

1. **Што премногу често покажува дека сме обземени од световноста?**
2. **Како можам подобро да го насочам своето внимание кон подготовката за средбата со Исус?**
3. **Зошто Исус сака да се издигнам на повисоко ниво на размислување и постапување?**
4. **Зошто расправите за расните разлики се без значење за вистинските христијани?**
5. **Како можам преку збор и песна да зрачам со небесна чистота и невиност?**

Во семејството и пошироко

ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Бидете еден спрема друг добри и милосрдни, проштавајќи си еден на друг, како што и Бог ви прости во Христос“ (Ефесјаните 4:32).

Предлагаме да прочитате: *A Solemn Appeal, pp. 376–389.*

„Мораме да го имаме Божјиот Дух, инаку никогаш нема да живееме усогласено во домот... Ако еден погреши, другиот ќе покаже слично трпение како Христовото и нема да се отуѓат.“ – *Адвентен дом, 118.*

1. АПЕЛИ ДО ЖЕНИТЕ

Недела, 15. ноември

а. На кој начин сопругата може да придонесе за прекрасна хармонија во својот брак? Изреки 14:1; Ефесјаните 5:33 (последен дел); Колосјаните 3:18.

_____

_____

„Односот помеѓу мажот и жената е најсвет и најсвечен.“ – *Manuscript Releases, vol. 6, p. 43.*

„Мнозина мажи застануваат на следниве зборови: ’Жени, слушајте...’, но ние ќе го прочитаме налогот до крај, а тој гласи: ’како Господа’.

Бог очекува жените постојано пред себе да ги имаат Божјиот страв и Неговата слава. Целосна покорност Му припаѓа само на Господ Исус Христос, Кој со бескрајната цена на Својот живот ја откупил за да биде Негово дете. Бог ѝ дал совест што не може да ја погази без последици. Нејзината личност не смее да исчезне во личноста на нејзиниот сопруг, затоа што Христос ја купил. Погрешно е мислењето дека жената со слепа предаденост треба да прави сè што мажот ѝ вели, ако знае дека кога така постапува, ќе му нанесе штета на своето тело и дух, кои се откупени од сатанското ропство. Постои Оној Кој е поголем од нејзиниот маж – нејзиниот Откупител, а таа треба да биде покорна на својот маж така како што тоа Бог го одредил - како Господа.“ – *Адвентен дом, 116.*

„Ако го има Христовиот дух, сопругата ќе внимава на своите зборови; таа управува со својот дух, ќе биде покорна, а сепак нема да смета дека е робинка туку пријател на својот сопруг.“ – *Адвентен дом, 118.*

а. Како жените што се бојат од Бога треба да ги ценат Неговите начела на однесување, и како семејството и Црквата можат да ги охрабруваат во тоа? 1. Петрово 3:1-6; Филипјаните 2:14.

_____

„Во нашите семејства и цркви се негуваат идоли чие влијание врз нас е исто толку силно како што било влијанието на златното теле врз Израелците. Ќе го преиспита ли нашиот народ своето срце? Ќе ја извршат ли пастирите својата задача како верни Божји стражари? Ќе ги забележат ли идолите што се негуваат и чуваат? Ќе сфатат ли сите што живеат во скромни животни околности дека, како Божји народ, треба да се разликуваат и да бидат одвоени од светот по својот начин на облекување, говор и однесување? Ќе увидат ли дека со своето идолопоклонство, и во малите и во големите нешта, се оддалечуваат од Бога? Кога ќе им се упатат зборови на укор, тие се засрамуваат, но не се каат.“ – *Коментари на библиските текстови, 834, 835.*

„Впечатливата и раскошна облека премногу често ја поттикнува чулноста во срцето на оној што ја носи и буди ниски страсти кај оние што ја набљудуваат. Бог гледа дека пропаста на карактерот често е последица на попуштањето на гордоста и суетата во поглед на облекувањето.“ – *Counsels on Health, p. 602.*

„Модата е божица која владее со надворешниот свет, но честопати се вовлекува и во црквата. Црквата треба да ја земе Божјата Реч како свое мерило, а родителите треба разумно да го сфатат ова прашање. Ако видат дека нивните деца се наклонети на прилагодување кон светската мода, тие, како Аврам, треба да преземат одлучни чекори - да заповедаат во својот дом. Наместо да ги соединуваат со светот, треба да ги поврзат со Бога.“ – *5. Сведоштво, 499.*

„За да ги заштитиме припадниците на Божјиот народ од изопаченото влијание на овој свет и да го сочуваме нивното физичко и морално здравје, воведовме реформа во поглед на облекувањето. Цел на оваа реформа не е да стане ропски јарем, туку благослов.“ – *4. Сведоштво, 634.*

б. Што ѝ дава сила на Црквата да се придржува до побожните начела и да го чува моралот во еден безбожен свет? Тит 2:1-5; Матеј 5:8.

_____

„Драги сестри, треба да се клоните дури и од секаков привид на зло. Во ова забрзано време, обележано со расипаност, нема да бидете безбедни ако не бидете будни и внимателни. Доблеста и скромноста денес се ретки. Ве повикувам, како следбенички на Исус Христос кои го исповедате својот возвишен повик, да го цените и негувате овој непроценлив скапоцен камен – скромноста. Таа ќе ја сочува вашата чесност.“ – *A Solemn Appeal, p. 151.*

а. Кога одлучува да стапи во брак, што треба мажот да сфати? Колосјаните 3:19.

_____

„Кога мажите бараат целосна покорност од своите жени, тврдејќи дека жените немаат глас ниту право во домот и дека мораат да покажат целосна покорност, тие ги стават своите жени во положба спротивна на библиското учење. Толкувајќи го Светото писмо на таков начин, тие постапуваат спротивно на неговите начела за брачната заедница. Ваквото толкување е израз на чисто самоволие на кое немаат право. Меѓутоа, во Писмото стои: „Мажи, сакајте ги своите жени и не лутете им се“. Зошто мажот би се лутел на својата сопруга? Ако мажот ги забележува грешките кај неа како и недостатоците, горчината нема да го отстрани злото...

Божјата намера не била сопругот да има власт како глава на домот ако и самиот не му се покорил на Христос. Тој мора да биде под водство на Христос за да може да го претстави Христовиот однос кон црквата.“ – *Адвентен дом, 116,117.*

„Во повеќето случаи мажот ја сака својата сопруга, но е премногу себичен за да го манифестира тоа. Лажното достоинство и горделивост најчесто не дозволуваат на луѓето да им ја покажат својата љубов со зборови или на дело. Многумина од таквите никогаш нема да дознаат колку срцата на нивните сопруги копнеат по нежни зборови на признание и наклонетост. Кога ќе ги погребаат своите сакани и кога веќе нема да ги видат, би виделе дека со својот начин на постапување ја предизвикале нивната предвремена смрт.“ – *3. Сведоштво, 527, 528.*

б. Што ја поттикнува вистинската љубов на мажот кон својата сопруга? Како неговиот однос кон неа влијае врз неговиот однос со Бога? Ефесјаните 5:25,33 (прв дел); 1. Петрово 3:7.

_____

„Мажите треба да го проучуваат споменатиот пример и да настојуваат да ја разберат сликата прикажана во Посланието до Ефесјаните за односот на Христос кон Црквата. Мажот во своето семејство треба да биде сличен на Спасителот. Дали тој секогаш ќе ја чува својата благородна мажественост предадена на Бога, тежнеејќи да ги подигне својата сопруга и деца? Дали околу себе ќе создава чиста и пријатна атмосфера? Дали истрајно ќе ја негува Исусовата љубов, која за него мора да биде постојано начело во домот, ако бара да се почитува неговиот авторитет?

Секој сопруг и татко нека се труди да ги разбере Христовите зборови, но не едностранo, занимавајќи се со покорноста на жената кон мажот туку во светлината на крстот од Голгота, треба да го пронајде своето место во семејниот круг.“ – *Адвентен дом, 117.*

а. Објаснете ја нашата должност кон родителите. Второзаконие 5:16; Колосјаните 3:20.

_____

„Децата кои не ги почитуваат и не ги слушаат своите родители и не се грижат за нивниот совет и упатства, нема да имаат удел на новата Земја. Очистената нова Земја нема да биде место за бунтовните, непослушните и неблагодарни синови и ќерки.“ – *Адвентен дом, 295.*

„Не постои време кога децата можат да им ги ускратат почитта и љубовта на својот татко и својата мајка. Сè додека родителите се живи, децата треба со радост да ги почитуваат и ценат. Во животот на своите остарени родители треба да внесат што е можно повеќе ведрина и радост...

Помислата дека им биле утеха на своите родители ќе им донесува задоволство на децата во текот на целиот живот, а особена радост тогаш кога и ним самите ќе им бидат потребни сочувство и љубов. Оние чии срца се исполнети со љубов ќе ја сметаат за непроценлива предност можноста да им ги олеснат последните денови од животот на своите родители. Ќе се радуваат што придонеле последните денови на нивните сакани родители да бидат исполнети со утеха и мир.“ – *The Review and Herald, November 15, 1892.*

б. Како родители, што треба да правиме за на своите деца да им ја олесниме должноста кон нас? Колосјаните 3:21; Ефесјаните 4:32; 6:4.

_____

„Младите се неупатени и неискусни, а библиската љубов и нејзините свети вистини не доаѓаат сами по себе. Ако не се вложи голем труд за околу нив да се направи бедем кој ќе ги штити од измамите на сатаната, младите ќе подлегнат на неговите искушенија и тој ќе ги зароби и ќе ги води според својата волја. Уште во најраните години децата треба да бидат поучени за барањата на Божјиот закон и за верата во Исус, нашиот Спасител, која донесува очистување...

На децата може да се влијае додека се мали. Но годините во кои нивните срца се нежни и подложни на влијанието на вистината поминуваат, а малку време се посветува на нивниот морален развој. Драгоцените поуки за вистината и должностите мораат секојдневно да се влеваат во нивните срца.“ – *5. Сведоштво, 329.*

„Кога татковците и мајките ќе сфатат колку нивните деца ги имитираат, внимателно ќе внимаваат на секој свој збор и постапка.“ – *Sermons and Talks, vol. 1, p. 325.*

„Блажени се оние родители кои живеат богоугоден живот, така што ветувањата и заповедите Божји будат кај нивните деца чувство на благодарност и длабоко почитување; родителите кои со својата нежност, праведност и долго трпение им ја укажуваат на децата љубовта, правдата и долгото Божјо трпение.“ – *Пророци и цареви, 245.*

5. НА РАБОТНОТО МЕСТО

Четврток, 19. ноември

а. Без оглед на нашата положба на работното место или во општеството, која перспектива треба да нè вдахновува на вистински христијански став? Колосјаните 3:22–4:1,5.

_____

„И наједноставната работа бара одредено умеење, и кога сите така би гледале на трудот, би увиделе дека тој го облагородува човекот. Со што и да се занимаваме, треба во својата работа да вложуваме и срце и душа; тогаш ќе бидеме радосни и успешни... Секоја работа што е потребна и треба да се изврши е чесна. Божјиот закон треба да биде мерило за нашето постапување, а тоа треба да ја облагородува и посветува секоја работа. Верноста во извршувањето на секоја должност ја прави работата благородна и открива карактер што Бог може да го одобри.

'Љуби Го Господа, твојот Бог, со сето свое срце, со сета своја душа, со сиот свој разум и со сета своја сила.' Бог бара љубов што се изразува во служба со нашето срце, ум и физички сили...

Вие можете да изберете: или ќе се утврдите во погрешен начин на постапување затоа што не сте доволно решителни да завладеете со сопственото 'јас' и да се промените; или ќе ги развивате своите способности, оспособувајќи се за најдобра служба, и тогаш ќе бидете барани насекаде. Ќе бидете ценети според својата вистинска вредност. 'Сè што ќе ти дојде до рака да правиш, прави го според својата сила.' 'Во работата не бидете мрзливи; бидете огнени во духот, служете Му на Господа.'" – *Коментари на библиските текстови, 500, 501.*

„Не знаеме какви последици може да определи еден ден, еден час или еден миг, и затоа никогаш не треба да го започнуваме денот без да Му ги довериме своите патишта на нашиот небесен Отец. Тој на Своите ангели им заповеда да нè чуваат и, ако се ставиме под нивната грижа, тие во секој миг на опасност ќе ни бидат од десната страна. Кога несвесно ќе се најдеме во опасност да ширириме негативно влијание, ангелите ќе бидат покрај нас, упатувајќи нè на подобар пат, помагајќи ни да ги избереме зборовите што треба да ги изговориме и влијаејќи врз нашите постапки. И така нашето влијание може да биде тивка, несвесна, но моќна сила која ќе ги привлекува другите кон Христос и небесниот свет." – *Христовите очигледни поуки, 341, 342.*

ПРАШАЊА ЗА РАЗМИСЛУВАЊЕ

Петок, 20. ноември

1. **Објасни ја здравата рамнотежа на која Бог ги повикува сопругите.**
2. **Наведи една идолопоклоничка преокупација што често станува замка.**
3. **Опиши го возвишениот повик на сопругот во брачната заедница.**
4. **Како можам во својот однос кон родителите подобро да ја одразувам Божјата волја?**
5. **Како можам подобро да ја одразувам Божјата волја во односот кон луѓето со кои работам?**

Да се трудиме за изгубените

ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Сведоци сте вие, како и Бог, дека свето, праведно и беспрекорно постапувавме пред вас, кои верувате... да живее достојно за Бога, Кој ве повикал во Своето царство и слава“ (1. Солунјаните 2:10, 12).

Предлагаме да прочитате: *Делата на апостолите, 346–358.*

„Павле бил вистински воспитувач. Тој го проповедал Евангелието со својот глас, а со својата промислена работа проповедал и со своите раце.“ – *The Review and Herald, March 6, 1900.*

1. ПОСВЕТЕН ПОТПАСТИР

Недела, 22. ноември

а. Како едноставниот поздрав на Павле до Солунјаните ја открива длабочината на неговата нежна грижа за стадото? 1. Солунјаните 1:1–4.

_____

_____

„Од коренот на вистинската понизност се развива најскапоцената возвишеност на умот – возвишеност што ги наведува луѓето да станат слични на Христос. Оние што ја поседуваат оваа возвишеност стекнуваат трпение и доверба во Бога. Нивната вера е непобедлива. Нивното сопствено ’јас’ се губи во вистинска посветеност и преданост. Зборовите што излегуваат од нивните усни се исполнети со Христова нежност и љубов. Свесни за својата слабост, тие ја ценат помошта што Господ им ја дава и копнеат по Неговата благодат, за да можат да го прават она што е исправно и вистинито. Со своето однесување, ставови и дух, тие сведочат дека се ученици во Христовата школа.“ – *That I May Know Him, p. 37.*

б. На кој начин повикот на апостол Петар е сличен на Павловиот? 1. Петрово 5:2, 3.

_____

_____

„Оние што вршат должност на потпастири, мора внимателно и будно да бдеат над Господовото стадо. Тоа не смее да биде диктаторска будност, строго надгледување, туку внимание кое охрабрува, кое поттикнува и поддржува. Проповедничката должност е нешто повеќе од само држење на проповеди; таа значи сердност, лично залагање.“ – *Делата на апостолите, 526.*

а. За да може вистината да се шири, што треба сите да научиме и од апостолите и од обратените верници во Солун? 1. Солунјаните 1:5–8.

_____

„Покажете поголема желба да Го примите Светиот Дух како Учител.“ – *Medical Ministry, p. 307.*

„Улога на Светиот Дух е да го просветли замраченото разбирање, да го омекне срцето скаменето од себичност, да го потчини непокорниот престапник и да го спаси од изопачувачкото влијание на овој свет. Во молитвата за Своите ученици, Христос нагласува: „Освети ги со Својата вистина, Твојата реч е вистина. Божјата реч, како духовен меч, го прободува срцето на грешникот и го крши. Кога теоријата на вистината ја изнесува говорник кој притоа сам не го почувствувал нејзиното свето влијание во својата душа, тоа на слушателите нема никакво делување; вистината изнесена на таков начин тие ја отфрлаат како заблуда, а одговорноста за загуба на душата паѓа на говорникот. Ние би морале да бидеме сигурни дека нашите проповедници се потполно обратени луѓе, понизни и кротки во срцето.“ – *4. Сведоштво, 441.*

„Бог им ја дал на Своите проповедници веста на вистината која треба да ја објавуваат. Црквите мораат да ја примат таа вест и да ја шират на сите можни начини, фаќајќи ги првите зраци на светлина и распростирајќи ги.“ – *6. Сведоштво, 425.*

б. На кој начин преобразбата на новите верници претставувала сведоштво за светот – и пример што треба да се повтори и денес? 1. Солунјаните 5:9, 10; Исаија 56:6, 7.

_____

„Жива сила мора да ја придружува веста за Второто Христово доаѓање. Не смееме да се задоволиме сè додека не видиме дека многу души се обратиле кон блажената надеж во Господовото доаѓање. Пораката што ја носеле учениците во времето на апостолите извршила големо дело и ги одвраќала душите од идолите кон служба на живиот Бог. Делото што треба да го извршиме денес не е ништо помалку реално, а вистината не е ништо помалку вистина; единствено што треба да ја објавуваме пораката со многу поголема сериозност, бидејќи Господовото доаѓање се приближува. Веста за ова време е сигурна, едноставна и од најдлабоко значење. Да постапуваме како мажи и жени што веруваат во неа. Нашата задача е да чекаме, да бдееме, да работиме, да се молиме и да го предупредуваме светот...

„Целото небо е во движење, подготвувајќи се за денот на Божјата одмазда, за денот на ослободувањето на Сион. Времето на исчекување речиси истече. Патниците и придојдените, кои толку долго копнееја по подобра земја, речиси се дома.“ – *Evangelism, p. 219*

а. Наведете некои од клучните причини за успехот во Солун. 1. Солунјаните 2:1–7.

_____

„Солунските верници биле вистински мисионери. Нивните срца гореле од ревност за Спасителот кој ги ослободил од стравот „од гневот што ќе дојде". Во нивниот живот, благодарение на Христовата милост, настанала чудесна преобразба, а речта Господова што ја изнесувале тие била придружувана со сила. Вистината што ја објавувале ги придобивала срцата, а бројот на верниците растел.

Во своето прво послание Павле се осврнал на својот начин на работа меѓу Солунјаните. Тој кажува дека не се обидувал верниците да ги придобие со измама и со лукавство." – *Делата на апостолите, 256.*

б. Кога го набљудуваме Павловото дело во Солун, кои особини се особено трогателни? 1. Солунјаните 2:8–10.

_____

„Пред да стане Христов ученик, Павле заземал висока општествена положба и не морал да работи физичка работа за да си обезбеди средства за својот живот. Меѓутоа, подоцна, кога потрошил сè што имал за напредок на Христовото дело, тој повремено работел во својот занает за да заработи за животните потреби. Тоа особено се случувало кога работел во места во кои неговите побуди би можеле погрешно да се сфатат и толкуваат.

За првпат читаме дека Павле, додека бил во Солун и ја проповедал речта, со своите раце заработувал за своите животни потреби." – *Делата на апостолите, 347.*

„Павле, големиот апостол на незнабошците, по занает бил изработувач на шатори. Во изработката на шатори постоеле повисока и пониска гранка. Павле ја изучил повисоката, но бил подготвен да работи и во пониската кога околностите го барале тоа. Изработката на шатори не носела толку брза и лесна заработка како некои други занимања, па понекогаш Павле само со најстрога штедливост можел да ги задоволи своите потреби.

„Иако бил со слабо здравје, Павле во текот на денот работел во Христовата служба, а потоа голем дел од ноќта, а често и цела ноќ, напорно работел во својот занает за да обезбеди средства за живот за себе и за другите.

„Павле бил вистински воспитувач. Тој го проповедал Евангелието со својот глас, а со својата промислена работа проповедал и со своите раце. Другите ги воспитувал на истиот начин на кој и самиот бил воспитан кај нозете на оној што бил сметан за најголем човечки учител. Додека брзо и вешто работел со своите раце, Павле на своите соработници им ги изнесувал подробните упатства што Христос му ги дал на Мојсеј во врска со подигањето на шаторот за состанок." – *Коментари на библиските текстови, 616, 617.*

а. Која била целта на Павловата грижа за стадото? 1. Солунјаните 2:11–13.

„Познавањето на вистината не зависи толку од силата на интелектот, колку од чистотата на намерите, од едноставната искрена и цврста вера. Божјите ангели се веднаш покрај оние кои со понизно срце бараат Божјо водство. Ним им се дава Свети Дух да им ги отвори богатите ризници на вистината." – *Христовите очигледни поуки, 59.*

б. Опишете ги пречките на кои наишло проповедањето на Евангелието во времето на Павле – и на кој начин тоа се повторувало низ историјата, а ќе се повтори и во блиска иднина. 1. Солунјаните 2:14–18; 2. Тимотеј 3:12; Матеј 5:10–12.

„Штом борбата се проширува на нови подрачја и кога вниманието на народот се насочува кон погазениот Божји закон, ни сатаната не мирува. Силата што ја придружува веста само ќе ги разгневи сите што и се противат. Свештениците ќе употребат речиси натчовечки напори да ја засолнат светлината за да не им свети на нивните стада. Ќе се трудат со сите средства што им стојат на располагање да ги спречат дискусиите околу овие важни прашања. Црквата ќе се потпре врз силната рака на граѓанската власт и во тоа католиците и протестантите ќе се обединат. Кога движењето за задолжително празнување на неделата ќе биде посмело и порешително, тогаш и законот ќе биде повикан на помош против оние што ги држат Божјите заповеди. Ќе им се закануваат со парични казни и со затвор, а на некои ќе им се понудат влијателни места и положби, како и други награди и предности, како поттик да се откажат од својата вера. Но нивниот непоколеблив одговор ќе гласи: „Докажете ни ја со Божјото слово нашата заблуда" - истото она што го барал и Лутер кога се нашол во слични околности. Оние што ќе бидат доведени пред судовите ќе ја одбранат вистината силно и убедливо, и некои од оние што ги слушаат ќе бидат поттикнати да се решат да ги држат сите Божји заповеди. На овој начин светлината ќе осветли илјадници такви кои инаку никогаш не би дознале за овие вистини.

„Совесната послушност кон Божјото слово ќе се толкува како бунт. Заслепени од сатаната, родителите ќе постапуваат строго и сурово со своите деца кои му се верни на Бога; господарите и господарките ќе ги угнетуваат своите слуги кои ги држат заповедите. Љубовта ќе олади; децата ќе бидат лишени од наследството и истерани од дома. Зборовите на Павле: „А и сите, што сакаат да живеат побожно во Христос Исус ќе бидат гонети" (2. Тимотеј 3:12), буквално ќе се исполнат. Бидејќи бранителите на вистината ќе одбијат да ја почитуваат неделата на местото на саботата, некои од нив ќе бидат фрлени во затвор, некои ќе бидат прогонети, а со некои ќе се постапува како со робови. На човечкиот ум сето ова сега му изгледа невозможно, но кога Божјиот Дух, кој го зауздува злото, ќе се повлече од луѓето и кога тие ќе дојдат под контрола на сатаната, кој ги мрази божествените прописи, ќе се применуваат дотогаш нечуени постапки. Срцето може да биде мошне свирепо кога од него ќе исчезне љубовта и стравот од Бога." – *Големата борба, 607, 608.*

5. ПОСЕБНА РАДОСТ

Четврток, 26. ноември

а. Зошто може да нè вдахновува тоа што желбата на Павловото срце толку многу ја одразувала Христовата? 1. Солунјаните 2:19, 20; Исаија 53:11.

„Кој може да процени какво влијание имало животното дело на Павле врз светот? Колку од сите тие благотворни влијанија кои го ублажуваат страдањето, ги тешат жалосните, го задржуваат злото, го издигнуваат животот над сè што е себично и телесно и го осветлуваат со надеж во бесмртност, колку од сето тоа треба да му се припише на делото на Павле и неговите соработници додека носејќи го Евангелието за Божјиот Син незабележани патувале од Азија кон брегoвите на Европа?

Колкава вредност би имал животот на секого кога би станал орудие во Божји раце за ширење на такви благословени влијанија? Колку ќе биде прекрасно во вечноста да се набљудуваат плодовите на едно такво животно дело?“ – *Воспитување, 70.*

„Ние немаме вистинска претстава за тоа колку Неговите поуки значат за сите суштества создадени од Неговата рака. Тој навистина го љуби човечкиот род. Сакате ли да знаете колку? Размислувајте за она што се случило на Голгота.“ – Counsels to Parents, Teachers, and Students, p. 284.

„Многумина насекаде околу нас треба само да се ослободат од своите предрасуди и да им се пружат докази од Речта Божја и тие радосно ќе ја прифатат сегашната вистина. Весниците треба да бдеат над душите како оние што ќе мораат за нив да дадат сметка пред Бога. Нивниот живот мора да биде живот на мачна работа и душевни страдања, додека над нив лежи товарот на драгоценото, но честопати презрено Христово дело. Тие мораат да ги жртвуваат сите земни интереси и удобности и нивна основна цел во животот е да направат сè што е во нивна моќ за да го унапредат делото на сегашната вистина и да ги спасат душите кои пропаѓаат.

Тие за тоа ќе примат богата награда. Душите кои преку нив ќе бидат ослободени и спасени ќе блескаат како ѕвезди засекогаш и секогаш. И низ целата вечност тие ќе наоѓаат задоволство во тоа што направиле сè што било во нивна моќ за да ја прикажат вистината во сета нејзина убавина и чистота, така што душите ја возљубиле, се посветиле со неа и користејќи се со таа непроценлива предност, се збогатиле, се испрале со крвта на Јагнето и биле откупени за Бога.“ – *Рани списи, 61.*

ПРАШАЊА ЗА РАЗМИСЛУВАЊЕ

Петок, 27. ноември

1. **Што можеме сите да научиме од посветеноста на апостолите во ширењето на вистината?**
2. **Зошто делото на Евангелието во Солун било особено впечатливо?**
3. **Зошто Павле, како проповедник на Евангелието, повремено морал да се издржува занимавајќи се со својот занает?**
4. **Кога прогонството ќе се засили, до какви позитивни резултати сепак доаѓа?**
5. **Опиши ја радоста што ја доживеале Христос, Павле и сите оние што придобиваат души за вистината.**

ДАР ВО ПРВАТА САБОТА

Сабота, 5. декември 2026.



За црквата во Бразавил, Република Конго

Бразавил е главен град на Република Конго, која се наоѓа во Централна Африка. Бразавил се наоѓа западно од Демократска Република Конго – чиј главен град е Киншаса – а овие два града заедно претставуваат две најблиски престолнини во светот. (Постоењето на две одделни држави со името Конго е последица на колонијалната историја, кога различни европски сили ги колонизирале овие два соседни региона и ги именувале според реката Конго.)

Република Конго се простира на површина од 342.000 км^2 и има 6.484.437 жители (според податоците од 2025 година). Бразавил, со површина од 263,9 км^2, има речиси 2,8 милиони жители, од кои околу 75% се христијани: 90% католици и 10% евангелски протестанти – најчесто кимбангвисти. Останатите припаѓаат на традиционалните анимистички верувања во африканскиот месијанизам или се атеисти. Јазиците што се зборуваат се францускиот (службен јазик), лингала и киконго.

Веста на РПАСД првпат стигнала во Бразавил во 2013 година, кога еден мисионер допатувал таму на четири дена и им ја пренел веста на Реформацијата на два млади брачни пара. Три месеци подоцна тој се вратил, и за 27 дена тие петмина успеале да допрат до 41 душа. Следната година биле организирани семинари на кои проучувањето било продлабочено, а голем процент од верниците застанале на страната на сегашната вистина. Од 2021 година, еден од дипломците на мисионерското училиште РАМА во Конго служи како библиски работник во црквата во Бразавил.

Еден од предизвиците со кои се соочуваме овде е обезбедувањето соодветно место за богослужение. Браќата се состануваат во една стара зграда, напуштена од претходниот сопственик, која мораат да ја покриваат со неколку големи пластични прекривки. Во текот на дождовната сезона, ваквите услови во голема мера ги отежнуваат редовните собири.

И покрај сето тоа, црквата во Бразавил расте. Во просек, секоја сабота овде се собираат околу 30 луѓе за да Го слават Господа. Денес браќата и сестрите од оваа група се надеваат на вашата помош – на помошта од нашите браќа и сестри ширум светот – за со својата великодушност финансиски да помогнете во купувањето земјиште на кое би можеле да изградиме посоодветен молитвен дом во Негова слава и чест.

Вашите браќа и сестри од Бразавил

Подготовка за средба со Христос

ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „И секој од вас да знае да го пази својот сад во светост и честитост“ (1. Солунјаните 4:4).

Предлагаме да прочитате: *2. Сведоштво, 480–489; Selected Messages, bk. 2, pp. 257–274.*

„Посветувањето е постепено дело; тоа не може да се оствари за еден час или ден ниту може да се одржи без посебни напори од наша страна.“ – *2. Сведоштво, 572.*

1. ПРАЗЕН СЈАЈ

Недела, 29. ноември

а. Дури и среде највисоките достигнувања на уметноста и културата, како Павле ја покажал празнината на животот без Христос и својот копнеж за заедништво со верните браќа? Дела 17:16, 17, 32, 33; 1. Солунјаните 3:1–4.

_____

_____

„Атина била метропола на незнабоштвото. Тука Павле не наишол на необразовано и лековерно население како во Листра, туку на луѓе прочуени по својата интелигенција и култура. Каде и да се запрел погледот, можеле да се видат статуи на нивните богови и обожавање на херои на историјата и поезијата претворени во богови...

Кога Павле ја согледал убавината и сјајот што го опкружувале и кога сфатил колку длабоко овој град потонал во идолопоклонство, духот му се исполнил со ревност за Бога чиешто име изгледало обесчестено на сите страни, и во неговото срце се разбудила сомилост кон жителите на Атина кои, и покрај сета своја духовна култура, не знаеле за вистинскиот Бог...

„Набљудувајќи ја величественоста и сјајот на Атина, сфатил колку тоа може да ги заведе љубителите на уметноста и науката и бил далеку импресиониран со значењето на задачата што му претстоела.

Во тој голем град, каде што не се знаело за служба на вистинскиот Бог, Павла го тиштело чувство на осаменост и копнеел за љубов и помош од своите соработници. За него овде немало човечко пријателство и се чувствувал мошне осамен. Во посланието до Солунјаните, тој своето чувство го изразил со зборовите: ’Сметавме дека би било добро да останеме сами во Атина’ (1. Солунјаните 3:1)“. – *Делата на апостолите, 233, 234.*

а. Во своето Послание до Солунјаните, што уште еднаш ја открива големата Павлова љубов и посветеност кон верниците? 1. Солунјаните 3:5–10.

_____

„Тимотеј и Сила му донеле добри вести за верата и братската љубов на оние што ја примиле при првата посета на евангелските весници на Солун. Срцето на Павле било исполнето со нежна љубов и сочувство кон тие верници кои, и покрај своите искушенија и неволји, останале верни на Бога.“ – *Делата на апостолите, 255.*

б. Опишете ја славната Божја намера за Својата црква и објаснете како таа се остварува во нашиот живот. 1. Солунјаните 3:12, 13; 4:1–3 (прв дел).

_____

_____

„Со сесрдна желба верниците во Солун да живеат во Божји страв, Павле ги повикувал да покажуваат практична побожност во секојдневниот живот.“ – *Делата на апостолите, 197.*

„Бог сака Неговите деца, ако сакаат да Го прослават, да сфатат дека изразите на нивната љубов треба да бидат упатени кон оние на кои таа им е најпотребна... Не смееме да покажеме никаков знак на себичност ниту во погледите, ниту во зборовите, ниту во постапките кога сме со оние што се со нас во верата... без оглед дали се големи или мали, богати или сиромашни. Љубовта што им упатува љубезни зборови само на малкумина, а кон другите се однесува студено и рамнодушно, не е љубов, туку себичност. Таа на никаков начин нема да работи за доброто на душите ниту за Божја слава. Нашата љубов... не смее да биде запечатена и зачувана само за одредени личности, на штета на другите. Скршете го садот и мирисот ќе ја исполни куќата.

„Да се љуби како што љубел Христос значи во сите околности и на секое место да се покажува несебичност преку љубезни зборови и погледи. Тоа ништо не ги чини оние што им ги даваат на другите, а зад себе остава мирис што ја опкружува душата. Нивното влијание никогаш не треба да се потценува. Тие не претставуваат благослов само за оној што ги прима, туку и за оној што ги дава, бидејќи и тој го чувствува нивното дејство. Вистинската љубов е скапоцена особина од небесно потекло, чиј мирис станува сè посилен колку повеќе им се дава на другите.“ – *Our High Calling, p. 231.*

„Светоста е целосна преданост и потчинетост на душата на Бога. Нашата волја, па дури и нашите мисли, се доведуваат во покорност на Христовата волја. Христовата љубов ја исполнува душата и, како чист и освежувачки поток, постојано тече, развеселувајќи ги срцата на другите.“ – *Коментари на библиските текстови, 644.*

а. Наведете еден посебен грев за кој Павле чувствувал потреба да ги предупреди Солунјаните, грев што загрижувачки е распространет и денес. 1. Солунјаните 4:3–5.

_____

„Не ги држат сите оние кои зборуваат дека ги почитуваат Божјите заповеди своите тела чисти и свети. На овој народ му е доверена најсериозната вест која некогаш им е доверена на смртните луѓе и тој може силно да делува на другите ако сака да се посвети преку неа. Тој народ зборува дека стои на возвишен став на вечната вистина и дека се покорува на сите Божји заповеди. И затоа, ако луѓето се оддаваат на гревот, ако прават прељуба или блуд, нивното злосторство е десет пати поголемо отколку кога тоа го прават оние луѓе за кои зборував, кои не ја признаат задолжителноста на Божјиот закон. Оние кои го исповедаат Божјиот закон, а го кршат, го срамат со тоа и Бога и вистината.

Токму поради тоа што неморалот завладеал меѓу нив, стариот Израел го навлекол Божјиот гнев на себе. И наскоро дошла Неговата казна за нивниот одвратен грев; илјадници луѓе паднале и нивните тела се расеале по пустината...

Повеќе од сите други луѓе на светот, адвентистите на седмиот ден треба да бидат пример за побожност, свети во срцето и во зборовите.“ – *2. Сведоштво, 450, 451.*

„Развратот е особен грев на овој век. Никогаш гревот толку дрско не ја подигал својата изопачена глава како денес. Луѓето изгледа како да се отапени и оние кои ги љубат позитивните особини особено се обесхрабрени од дрскоста, силата и превласта на гревот. Расипаноста не е ограничена само на неверниците и на исмевачите. Би сакала да е тоа така, но не е. Грешат многу мажи и жени коишто ја исповедаат Христовата вера. Дури и мнозина кои тврдат дека го очекуваат Христовото доаѓање, за тој настан не се поподготвени од сатаната. Тие не се измиваат себеси од сета нечистотија. Тие толку многу им угодувале на своите желби, што им е природно нивните мисли да бидат нечисти а нивната фантазија расипана. Невозможно е да се наведе нивниот ум да размислува за чистите и свети нешта, како што е невозможно водите од Нијагара да се вратат назад низ водопадот.“ – *2. Сведоштво, 346.*

б. Која е следната опомена што Павле му ја упатува на стадото? 1. Солунјаните 4:6, 7.

_____

_____

„Господ ќе дојде како одмаздник, но и како заштитник за сите оние кои ја сочувале верата во нејзината чистота и останале неизвалкани од светот.“ – *5. Сведоштво, 210.*

а. Какво охрабрување имал Павле за стадото? 1. Солунјаните 4:8–10.

_____

_____

„Еден од најсилните знаци на вистинско обратување е љубовта кон Бога и кон луѓето. Оние што ќе го примат Христа како свој Откупител, чувствуваат длабока и искрена љубов кон оние што имаат иста драгоцена вера. Така било и со верниците во Солун.“ – *Делата на апостолите, 262.*

б. Која животна поука е корисна за сите? 1. Солунјаните 4:11, 12; Изреки 13:4.

_____

_____

„Млади луѓе, одете на местата каде што ве упатува Господовиот Дух. Работете со своите раце за да можете да се издржувате и, кога ќе ви се укаже можност, објавувајте ја веста на опомена.“ – *Medical Ministry, p. 321.*

в. Која библиска доктрина, особено значајна за Солунјаните, повторно добива на важност по векови на темнина и збунетост? 1. Солунјаните 4:13–15; Псалм 6:5; 13:3.

_____

_____

_____

„Солунјаните желно го прифатиле поимот дека Христос ќе дојде да ги преобрази верниците кои сè уште се живи и да ги земе кај себе. Тие внимателно ги чувале и пазеле животите на своите пријатели и сонародници за да не умрат и со тоа да не го загубат благословот што го очекувале при Господовото доаѓање. Но еден по еден нивните мили си заминувале од овој свет и Солунјаните со страв за последен пат ги гледале лицата на своите покојници, одвај наслутувајќи ја надежта дека повторно ќе ги сретнат во идниот живот.

Кога е отворено и прочитано посланието на Павле, зборовите што ја откривале вистинската состојба на покојниците ѝ донеле голема радост и утеха на црквата. Павле објаснил дека оние што ќе живеат во времето на Христовото доаѓање нема да излезат во пресрет на Господа пред оние што заспале во Исуса.“ – *Делата на апостолите, 258.*

„Во христијанската вера се вовлекле сериозни заблуди. Една од позначајните била верувањето во човековата природна бесмртност и свесната состојба по смртта. Оваа доктрина го поставила темелот на кој Рим го воспоставил повикот на светците и обожавањето на дева Марија. Од ова потекнува и ереста за вечните маки на непокајаните, која многу рано станала составен дел на папската вера.“ – *Големата борба, 58.*

5. БУДЕЊЕ НА МРТВИТЕ

Четврток, 3. декември

а. Опишете ја величествената сцена што наскоро ќе се одигра кога Христос повторно ќе дојде на облаците на славата. 1. Солунјаните 4:16–18; Откровение 20:4–6.

_____

_____

„Сите ангели ќе го напуштат небото, додека светите, очекувајќи Го Исуса, будно ќе гледаат кон небото, како некогаш Галилејците кога Тој се вознел од Маслиновата Гора. Тогаш само оние што се свети, кои верно и во сè се угледувале на кроткиот Пример, кога ќе Го здогледаат, радосно и восхитено ќе извикаат: 'Ете, Овој е нашиот Бог, Него Го чекавме и Тој ќе нè спаси!' И 'одеднаш, во миг на око', тие ќе се преобразат, 'при последната труба', која ќе ги разбуди заспаните свети и ќе ги повика да станат од своите правливи постели. Тие излегуваат облечени во славата на бесмртноста." – *Рани списи, 120.*

„Животворната сила на Христовиот Дух, Кој престојува во смртното тело, ја поврзува секоја душа со Исус Христос. Оние што веруваат во Исус Му се свети на Неговото срце; нивниот живот е скриен со Христос во Бога. Животодавецот ќе ја издаде заповедта: 'Разбудете се и ликувајте вие, соборените во прав; зашто Твојата роса е роса на светлина, и земјата ќе ги даде мртовците' (Исаија 26:19).

Давателот на животот ќе ги повика откупените што Му припаѓаат во првото воскресение. Секој свет што почива во гробот ќе биде чуван како скапоцен камен од непроценлива вредност, кого Бог го познава по име. Со силата на Спасителот, која престојувала во нив додека биле живи, и затоа што биле учесници во божествената природа, тие ќе бидат подигнати од мртвите...

Какво славно утро ќе биде утрото на воскресението! Каква величествена сцена ќе се појави кога Христос ќе дојде за да Му се восхитуваат оние што веруваат во Него! Сите што учествувале со Христос во Неговото понижување и страдања тогаш ќе учествуваат со Него и во Неговата слава. Со Христовото воскресение од мртвите, секој верен свет што заспал во Исус ќе излезе од својот затвор како победник. Воскреснатиот праведник ќе извика: 'О, смрт, каде ти е осилката? О, смрт, каде ти е победата?' (1. Коринтјаните 15:55)." – *Selected Messages, bk. 2, pp. 271, 272.*

ПРАШАЊА ЗА РАЗМИСЛУВАЊЕ

Петок, 4. декември

1. **Слично на Атина, кои места денес ја откриваат ограниченоста на земниот сјај?**
2. **Зошто милосрдната љубов е толку потребна во секојдневниот живот?**
3. **Која вистина треба да се поучува во ова време на разузданост?**
4. **Зошто е важно да ја разбереме вистинската состојба на мртвите?**
5. **Наведи ги чекорите што ќе следуваат при Второто Христово доаѓање.**

Да живееме во светлината

ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Но вие, браќа, не сте во темнина, та денот да може да ве затече како крадец“ (1. Солунјаните 5:4).

Предлагаме да прочитате: *4. Сведоштво, 309–313; 5. Сведоштво, 711–718.*

„Сонцето на Праведноста ја осветлувало црквата истерувајќи ја темнината и свртувајќи го вниманието на Божјиот народ на подготвување кое е толку важно за оние кои треба да светлат како светлина на овој свет.“ – *6. Сведоштво, 166.*

1. БУДНОСТ ВО МОЛИТВАТА

Недела, 6. декември

а. Набљудувајќи како пророштвата се исполнуваат пред нашите очи, што мораме секогаш да имаме на ум? 1. Солунјаните 5:1, 2; Проповедник 8:5.

_____

_____

_____

_____

„Мораме да бидеме поблиску до Бога. Во нашиот секојдневен живот мора да има многу помалку од сопственото ’јас’, а многу повеќе од Исус Христос и Неговата благодат. Живееме во мошне важен период од земната историја. Крајот на сите нешта е пред вратата; песокот на времето брзо истекува; наскоро на небото ќе се слушне гласот: ’Се сврши’ (Откровение 21:6). ’Кој е свет, нека се осветува уште’, ’а кој е нечист, нека се оскврнува уште’ (Откровение 22:11).

Нека нашите сведоштва станат појасни и поодлучни; да се држиме уште поцврсто за Бога. Не можам да престанам да се молам во еден, два или три часот наутро Господ да дејствува врз срцата на луѓето. Размислувам за тоа како целото небо е заинтересирано за делото што се извршува на земјата. Ангелите служители чекаат покрај престолот за веднаш да ја извршат заповедта на Исус Христос и да одговорат на секоја молитва принесена со сесрдна, жива вера.“ – *Selected Messages, bk. 2, pp. 376, 377.*

„Фала му на Бога, нема сите да бидат заспиени во лулката на телесна сигурност. Ќе има и верни кои ќе ги препознаат знаците на времето. Иако голем број кои тврдат дека веруваат во сегашната вистина со своите дела ќе се одречат од својата вера, сепак ќе има некои кои ќе истраат до крај.“ – *5. Сведоштво, 10.*

а. Бидејќи живееме во последните денови, со каква стварност се соочуваме? Исаија 13:9; Лука 17:28–30.

_____

„Состојбата на моралната расипаност и отпадот што ќе преовладуваат во верскиот свет во последните денови му била покажана уште на пророкот Јован во сликата на Вавилон прикажан како 'големиот град кој царува над земните цареви' (Откровение 17:18). Пред неговото уништување од небото, ќе биде упатен повик: 'Излезете од неа, луѓе Мои, за да не соучествувате во гревовите нејзини, и да не добиете од казните нејзини' (Откровение 18:4). Како во деновите на Ное и Лот, одделувањето од гревот и од грешниците мора да биде очигледно и решително. Меѓу Бога и светот не може да има никаков компромис, никакво обѕирање назад за да се сочува земното богатство. 'Не можете да им служите на Бога и на Мамон' (Матеј 6:24).

Слично на жителите на Сидимската долина, луѓето и денеска сонуваат за богатство и мир. 'Спасувај ја душата своја... не запирај', гласи опомената на Божјите ангели; но луѓето слушаат други гласови што велат: 'Не возбудувај се; нема никаква причина за тревога'. Мнозина викаат: 'Мир е и нема од што да се плашиме' додека небото тврди оти на престапникот му претстои пропаст која само што не се урнала врз него." – *Патријарси и пророци, 167.*

б. И покрај примамливите ветувања за земна слава што ги даваат влијателни луѓе, за што треба сите да бидеме свесни? 1. Солунјаните 5:3.

„Правници, занаетчии, земјоделци, трговци, па дури и проповедници од катедрата повторуваат: 'Мир е и нема од што да се плашиме', иако пропаста незадржливо им се приближува.

Верувањето во скорото доаѓање на Синот човечки на небесните облаци, нема да го направи вистинскиот христијанин немарен и безгрижен во своите секојдневни работи. Оние кои го очекуваат скорото Христово доаѓање нема да бидат мрзливи, туку напротив трудољубиви во своите работи. Својата работа тие нема да ја извршуваат безгрижно и нечесно, туку совесно, брзо и темелно. Оние кои си ласкаат себеси дека нивната немарност и незаинтересираност за секојдневните животни должности е доказ за духовноста и одвоеноста од светот, се во голема измама. Нивната чесност и верност се проверуваат токму во секојдневните работи. Ако се верни во малку, ќе бидат верни и во многу...

Покажано ми е дека многумина токму во ова се испитувани. Својот вистински карактер тие го откриваат во начинот на кој ги извршуваат своите земни работи. Недостатокот на вера, лукавството и нечесноста, тие го манифестираат во постапувањето со своите ближни. Тие не се свесни дека нивното право на иден живот зависи од тоа како се однесуваат во овој живот и дека строгата исправност е неопходна во формирање на христијанскиот карактер." – *4. Сведоштво, 309, 310.*

а. На кој начин припадниците на Божјиот народ треба да бидат поинакви во овој свет? 1. Солунјаните 5:4–6.

_____

„Бог сака Неговиот народ, со Своите зборови и постапки, да му покаже на светот дека никакви земни привлечности или земното богатство немаат доволно вредност за да ја надополнат загубата на небесното наследство. Оние кои навистина се деца на светлината и денот нема во своите разговори, облекување и однесување да бидат површни ниту лесноумни, туку трезвени и разумни, трудејќи се со своето влијание да придобијат души за Спасителот. Христовата љубов, која зрачи од крстот, постојано се залага пред Таткото за грешниците, врзувајќи ги со јажиња на бескрајната добрина за мир и среќа кои се наоѓаат само во Него. Од сите Свои следбеници Христос бара да бидат живо сведоштво и со начинот на своето однесување, облекување и разговор во сите животни прилики јасно да покажат дека вистинската побожност е корисна за сите и во овој и во идниот живот, дека само така можат навистина да се задоволат потребите на душите.“ – *4. Сведоштво, 580.*

„Со опомената ’бидете будни и молете се’, Исус означил еден сигурен пат. Неопходно е да бдееме. Нашите срца се измамливи; ние сме подложни на човечките слабости и мани, а сатаната се напрегнал да уништува. Нашата будност понекогаш може да попушти, но нашиот непријател никогаш не мирува. Знаејќи за неговите неуморни напори, не смееме да спиеме како и останатите, туку треба „да бидеме будни и трезни”. Мораме да му се спротивставиме на духот и на влијанието на светот и не смееме да дозволиме да завладее со нашиот ум и нашето срце.

Деловниот човек кога ќе дојде во контакт со светот ќе има тешкотии, неволи и различни грижи. Тој ќе види дека секаде постои наклонетост луѓето да се раководат според световни сфаќања и поими и дека е потребна дисциплина на умот и душата за да се сочува духот на побожност. Но божествената благодат чека на неговата молба и неговата голема потреба ќе му направи пристап кон Бога.“ – *5. Сведоштво, 409, 410.*

б. Зошто можеме да имаме надеж и да живееме во согласност со неа? 1. Солунјаните 5:7–11.

_____

_____

„Павле кажува дека е грев да се биде рамнодушен кон знаците што му претходат на второто Христово доаѓање. Оние што се одговорни за таа рамнодушност, тој ги нарекува синови на темнината...

Буден христијанин е христијанин кој работи и ревносно и сесрдно се залага да стори сè што е во негова моќ за ширење на евангелието.“ – *Делата на апостолите, 260, 261.*

а. На што требало да бидат потсетени Солунјаните? 1. Солунјаните 5:12, 13.

_____

_____

„Солунските верници биле многу вознемирувани од луѓе што доаѓале кај нив со фанатички идеи и учења. Имало некои кои „живеат неуредно, ништо не работат, туку се занимаваат со празни работи." Црквата била правилно организирана и поставени се одредени службеници да работат како проповедници и ѓакони. Но имало самоволни и избувливи поединци кои не сакале да им се потчинуваат на оние кои во црквата заземале одговорни положби и кои уживале авторитет. Тие си земале не само право на лично расудување, туку своите погледи јавно ги натурале. Имајќи го тоа предвид, Павле им обрнал внимание на Солунјаните да им укажуваат должна почит на оние што биле поставени на одговорни положби во црквата." – *Делата на апостолите, 261.*

б. Кои општи опомени ни се потребни на сите? 1. Солунјаните 5:14,15.

_____

„Кога смртта ќе однесе некој од нашите членови, какви се нашите спомени за нашето постапување со него? Дали е пријатно да размислуваме за сликите кои се појавуваат на уидот на сеќавањата? Дали тоа се сеќавања на љубезно упатени зборови на сочувство укажано во вистински момент? Дали неговите браќа ги одбивале клеветите на непромислените кои се мешаат во туѓи работи? Дали ги побивале обвинувањата и клеветите против Него? Дали верно се придржувале на советот: 'Утешувајте ги малодушните, поткрепувајте ги слабите?'...

„Кога е мртов некој со кого сме биле здружени во црквата; кога знаеме дека сè за него е запишано во небесните книги и дека за тоа ќе даде сметка на судниот ден, какви се размислувањата на неговите браќа во поглед на нивното однесување кон него? Колку јасно се сеќаваат сега на сите груби зборови, на секоја непромислена постапка! Колку поинаку би се однесувале кон него кога би им била дадена прилика за тоа!" – *5. Сведоштво, 489.*

„Колку повеќе луѓето те потиснуваат, те сфаќаат погрешно, и те прикажуваат лажно - имаш повеќе докази дека го вршиш делото на Учителот и мораш поцврсто да се држиш за својот Спасител. Во сите свои тешкотии биди сталожен и смирен, трпелив, не враќајќи зло за зло, туку добро за зло. Подигни го погледот кон врвот на скалите. Над нив е Бог. Негова слава ја осветлува секоја душа која се искачува кон небото. Тие скалила го претставуваат Исус. Качувај се со Негова помош, држи се цврсто за Него, и наскоро од тие скалила ќе преминеш во вечното царство." – *8. Сведоштво, 130.*

5. КЛУЧЕВИ НА УСПЕХОТ

Четврток, 10. декември

а. Кога минуваме низ неволји, на што треба да се сетиме? 1. Солунјаните 5:16–18.

_____

„Брате мој, можеби ќе наидеш на искушенија, но сочувај го својот интегритет. Никогаш немој да покажеш нешто друго освен благороден дух. Вселената со големо внимание ја набљудува борбата. Сатаната будно внимава да те начека кога не стражариш, сакајќи да види како постапуваш непромислено, за да задобие предимство над тебе. Бори се машки во Господовата битка. Постапувај како што Христос би постапувал кога би бил на твое место. Во твојата вера и во твоите постапки не смее да има недоследност. Не смееш да дозволиш да те совладаат мачните неволји што постојано се повторуваат. Биди сталожен, мисли на Исус и прави сè што можеш за да Му угодиш. Христовата благодат и Светиот Дух се дарови што Бог ти ги дава за внатрешниот човек да биде зајакнат со секаква сила." – *8. Сведоштво, 132.*

„Кога повеќе би го славеле и фалеле Бога за Неговата љубов, нашите молитви би биле многу поделотворни. Во нас би имало повеќе Божја љубов и ние сè повеќе би го славеле. Вие што се жалите дека Бог не ги слуша вашите молитви, треба да ги промените истите и во нив да внесете и благодарност. Кога ја имате предвид Неговата добрина и милост, ќе согледате дека и Тој ќе има предвид кон вашите желби." – *5. Сведоштво, 317.*

б. Наведете некои од навиките на победоносното размислување. 1. Солунјаните 5:19–21.

_____

„Луѓето можат во себе да го задушат влијанието на Божјиот Дух; слободата на избор им е оставена ним. Во тој поглед им е дадена целосна слобода. Благодарение на благодатта и заслугите на Спасителот, можат да бидат послушни, или пак да ја отфрлат послушноста и да ги сносат последиците од таквото постапување...

„Божјиот Дух не престанува да ги осведочува луѓето, а тие се определуваат за или против вистината." – *Gospel Workers, p. 174.*

ПРАШАЊА ЗА РАЗМИСЛУВАЊЕ

Петок, 11. декември

1. **На кој начин можам да развијам навики на поголема будност во молитвата и зошто е тоа важно?**
2. **Кога слушаме луѓе како зборуваат за мир и сигурност, на што треба да се сетиме?**
3. **Што ги разликува децата на светлината и денот од децата на темнината и ноќта?**
4. **Дали познавам некого што можеби ми е тежок, но сепак треба да го ценам?**
5. **Што треба да ги придружува нашите молитви упатени кон Бога?**

Навистина особен народ

ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Затоа и се молиме секогаш за вас да ве удостои нашиот Бог за звањето и да ја исполни со сила секоја желба за добрина и секое дело на верата“ (2. Солунјаните 1:11).

Предлагаме да прочитате: *2. Сведоштво, 296–307; 5 Сведоштво, 591–603.*

„Бог сака Неговите следбеници да бидат многу внимателни во взаемните односи. Тие мораат да подигаат, поткрепуваат, лекуваат. Но во црквата не смее да се занемари потребната дисциплина. Членовите треба да се сметаат како ученици во училиште и да се трудат да стекнат карактер, достоинствен на нивниот возвишен повик.“ – *7. Сведоштво, 264.*

1. ЧИСТИ ОДНАТРЕ И ОДНАДВОР

Недела, 13. декември

а. Што ја покажува длабочината на Божјиот повик кон чистота? 1. Солунјаните 5:22.

_____

_____

_____

„Помеѓу непознати, на улица, во воз, во домот, не правете ништо што барем малку ќе наликува на зло.“ – *Здравје и среќа, 491.*

„Нека вашето однесување биде такво што кај секоја душа со која доаѓате во допир ќе оставите впечаток дека ве опкружува чиста и света атмосфера. Еден суетен збор, една лекомислена смеа, можат да ја наведат душата во погрешна насока. Страшни се последиците од тоа да немаме постојана врска со Бога.

Воздржувајте се од секое зло. Вообичаените гревови, колку и да изгледаат безначајни, ќе го ослабнат вашето морално чувство и ќе го изгаснат внатрешното дејство на Божјиот Дух. Карактерот на мислите остава свој печат врз душата, а секој низок разговор го осквернува умот. Секое зло дело му носи пропаст на оној што го прави. Бог може и ќе му прости на грешникот што се кае, но иако му е простено, душата останува повредена; се нарушува способноста за возвишено размислување што ја има неоштетениот ум. Душата долго ги носи лузните. Затоа да ја бараме онаа вера што дејствува преку љубовта и го очистува срцето, за да можеме пред светот да го претставуваме Христовиот карактер.“ – *Fundamentals of Christian Education, p. 195.*

а. Опишете го Божјиот план за нашиот секојдневен живот и на кој начин тој може да се оствари. 1. Солунјаните 5:23,24.

„На христијаните им е наредено да ги дадат своите тела 'како жива, света и богоугодна жртва'. За да можат да го направат тоа, сите нивни сили мора да бидат сочувани во најдобра состојба. Секоја постапка што ја намалува човековата телесна или душевна сила го онеспособува за служба на неговиот Творец. Може ли на Бога да му биде угодно кога Му жртвуваме нешто што не е најдобро? Христос рекол: 'Возљуби го Господ, твојот Бог, со сето свое срце'. Оние што го љубат Господа со сето свое срце ќе настојуваат да Му служат со сиот свој живот и постојано ќе се трудат секоја способност на своето битие да ја сообразат со законите што ќе ги потпомогнат нивните способности да ја извршуваат Неговата волја. Тие нема, попуштајќи им на апетитот или на страстите, да ја намалат или да ја осквернат жртвата што му ја принесуваат на својот небесен Отец." – *Големата борба, 473.*

„Светото писмо нè учи да се стремиме да Му ги посветиме на Бога своето тело, душа и дух. Во тоа дело треба да бидеме Божји соработници. Многу може да се направи за обновување на Божјиот морален лик во човекот и за подобрување на телесните, умствените и моралните сили. Во телото можат да се случат големи промени ако сме послушни на Божјите закони и ако во него не внесуваме ништо што би го осквернило. Иако не можеме да тврдиме дека сме совршени во телото, можеме да достигнеме христијанско совршенство на душата. Преку жртвата принесена за нас, нашите гревови можат целосно да ни бидат простени. Ние не зависиме од она што човекот може да го направи, туку од она што Бог преку Христос може да го направи за човекот. Кога целосно ќе Му се предадеме на Бога и целосно ќе Му веруваме, Христовата крв нè очистува од секој грев. Совеста може да биде слободна од осуда. Преку вера во Неговата крв сите можат да станат совршени во Исус Христос. Фала Му на Бога што не се соочуваме со нешто невозможно." – *Selected Messages, bk. 2, p. 32.*

б. Кои особини ја откриваат длабочината на вистинското заедништво меѓу верниците? 1. Солунјаните 5:26–28; 1. Јованово 1:7.

_____

„При употреба на светиот поздрав кој апостол Павле го напоменува врз основа на Евангелието на Исус Христос, секогаш треба да се има во предвид неговиот вистински карактер. Тоа е свет целив; и треба да се смета како знак на заедница на христијански пријатели, кој се применува при разделба или средба по разделба од неколку седмици или месеци. Во своето прво послание на Солунјаните 5:26 Павле вели: „Поздравете ги сите браќа со свет целив". Во истото поглавје тој вели: „Воздржувајте се од секоја појава на зло". Меѓутоа, никакво зло не може да има ако светиот целив се дава во вистинско време и на вистинско место." – *Рани списи, 117.*

а. Какво охрабрување им упатува Павле на верниците во Солун на почетокот од своето Второ послание? 2. Солунјаните 1:1–5.

_____

_____

_____

„Павле повторно покажал доверба во нивната цврстина и благодарност што имаат силна вера, како што изобилуваат и во љубовта еден кон друг и кон делото на својот Учител. Нагласил дека пред другите цркви ги истакнува нив како пример на вистинска вера која храбро им се противставува на прогонствата и искушенијата, и нивните мисли ги насочил нанапред, кон времето на второто Христово доаѓање, кога Божјиот народ ќе се одмори од сите свои грижи и неволји." – *Делата на апостолите, 264.*

б. Ако и нас, како Солунјаните, нè снајде прогонство, зошто сите можеме да бидеме охрабрени од надежта што им била дадена ним? 2. Солунјаните 1:6, 7.

_____

„(Цитат: 2. Солунјаните 1:1–6.) Овде гледаме колку овие цркви биле заинтересирани една за друга. Прогонството што го претрпеле ги зближило и ги поврзало срцата на верниците. Тие биле расеани по туѓи земји. Заблудите и суеверијата во учењата на јудејскиот народ, кој толку силно Му се спротивставувал на Христос, го оставиле малото стадо како овци без пастир. Меѓутоа, семето било посеано. Христос бил издигнат меѓу нив како Распнатиот, а постојано се вложувале напори за да се ублажат сиромаштијата и неволјите што браќата ги поднесувале поради својата вера." – *Letters and Manuscripts, vol. 12, Letter 28, 1897.*

в. Зошто скорешното Христово доаѓање треба да остави длабок впечаток врз срцето на секој од нас? 2. Солунјаните 1:7, 8; Псалм 50:3, 4.

_____

_____

„(Цитат: 2. Солунјаните 1:8.) Овие значајни моменти се близу, а сепак мнозина кои тврдат дека веруваат во вистината, спијат. Ако и понатаму останат во својата сегашна состојба на пријателство со светот, тие сигурно ќе бидат вброени меѓу неверните слуги кои велат во своето срце: „Господарот мој нема да дојде уште за долго време". Христос ќе се појави без грев и за спасение само на оние кои чекаат со надеж и вера. Мнозина ја имаат теоријата на вистината, но не ја познаваат силата на побожноста. Ако Божјата реч живее во срцето, таа ќе управува со животот. Верата, чистотата и усогласеноста со Божјата волја ќе сведочат за нејзината сила која посветува." – *5. Сведоштво, 15.*

а. Објаснете каква пропаст ќе ги снајде двете категории луѓе. 2. Солунјаните 1:8, 9.

_____

_____

_____

„Не ги правдај своите недостатоци со туѓите грешки. На денот на Божјиот суд нема да се осмелиш својот пропуст во изградба на карактерот за небо да го оправдаш со тоа што други не покажале побожност и духовност. И ти ги имаш маните кои ги гледаш кај другите. Фактот дека и другите се грешници, не го намалува твојот грев. Ако продолжите по вашиот сегашен пат и ти и тие ќе се одвоите од Христа и Господ во Својата слава и моќ ќе ве казни со уништување исто како и сатаната и неговите ангели.

Господ великодушно се погрижил за тебе така што, кога би Го барала со сето срце и би одела по светлината која ти ја дал, не би скршнала од патот. Божјата реч ти е дадена како светилка на твојата нога, како светилка на твојата патека. Ако се сопнеш, тоа ќе биде само поради тоа што не си го слушала својот водач, Божјата реч и што не си ја направила таа драгоцена Реч закон на својот живот. Бог не ти даде за пример ниту еден човек, колку и да е добар и беспрекорен неговиот живот. Ако правиш како што прават и другите, ако постапуваш како што постапуваат другите, на крајот ќе се најдеш надвор од светиот град, со она огромно мноштво кое постапувало исто како и ти, го следел примерот кој Господ не го дал и кое ќе биде загубено исто како што ќе бидеш и ти.

Твојата вина и одговорност не ја намалува она што го направиле другите, или што ќе го направат. Тебе ти бил даден еден пример -еден беспрекорен живот полн со самооткажување и несебична добрина. Ако не се угледаш на тој вистински и беспрекорен пример, туку на оној за кој јасно ти е кажано во Божјата реч дека треба да го одбегнуваш, твојот живот ќе ја прими онаа награда која ја заслужил. Твојот живот ќе биде чисто промашување.“ – *2. Сведоштво, 396.*

б. Каква охрабрувачка спротивност треба да постои, и зошто? 2. Солунјаните 1:10.

_____

_____

„Воскресението и вознесението на нашиот Господ е несоборлив доказ дека Божјите светии ќе ја победат смртта и гробот, тоа е гаранција дека небото е отворено за сите оние што ќе ги исперат облеките на својот карактер и ќе ги избелат во крвта на Јагнето. Исус се вознел кај Отецот како претставник на човечкиот род, и оние во кои ќе се огледа Неговиот лик, Бог ќе ги доведе таму да ја гледаат Неговата слава и да соучествуваат во неа.“ – *9. Сведоштво, 286.*

5. ВРЕМЕ ЗА ВЕРНО ДЕЛУВАЊЕ

Четврток, 17. декември

а. Опишете го прекрасниот исход за Божјата црква. 2. Солунјаните 1:11, 12.

б. Додека се исполнуваат пророчките сцени, каква сигурност добиваме? 2. Солунјаните 2:1–7.

„Постои еден што во пророштвото е прикажан како човекот на беззаконието. Тој е претставник на сатаната. Прифаќајќи го сатанскиот предлог во поглед на Божјиот закон, кој е непроменлив како и самиот Божји престол, тој човек на беззаконието излегува со дрско тврдење дека токму тој го променил тој закон и дека сега првиот ден од седмицата, наместо седмиот, претставува сабота, односно ден за одмор. Тврдејќи за себе дека е непогрешлив, тој дрско си присвојува право да го менува Божјиот закон, приспособувајќи го кон сопствените цели...

„Но Христос вели: 'Додека не поминат небото и земјата, нема да исчезне ниту една најмала буква ниту една цртичка од Законот.' Тој дошол токму затоа да го возвиши Законот и на жителите на целата вселена да им покаже дека Бог е праведен и дека Неговиот закон не треба да се менува. Меѓутоа, човекот на беззаконието, како десна рака на сатаната, се осмелил да го оствари она што сатаната го започнал уште на небото – да го исправува Божјиот закон...

„Човекот на беззаконието се издигнал против Бога; седејќи во Божјата црква, тој се прикажува како Бог. Ја погазил саботата, големиот спомен на создавањето, воспоставен за да нè потсетува на делото на Создателот; а наместо неа одредил за празнување обичен работен ден...

„Меѓутоа, дури и кога секој припадник на човечкиот род би го прифатил ова чедо на папството, тоа воопшто не би ја поништило светоста на Господовата сабота. Оние што ја прифаќаат лажната сабота со тоа го возвишуваат човекот на беззаконието и ѝ се спротивставуваат на Божјата власт. Но човекот на беззаконието не може да го поништи и укине она што Бог го прогласил за вечно и непроменливо. Да се возвиши Господовиот закон и вниманието на јавноста да се насочи кон него – тоа е задачата што денес треба да се изврши во светот. Дојде време вистината да се објави наспроти лагата и заблудите." – *Коментари на библиските текстови, 763–765.*

ПРАШАЊА ЗА РАЗМИСЛУВАЊЕ

Петок, 18. декември

1. **Во практична смисла, како можам да се воздржувам од секоја појава на зло?**
2. **Според 1. Јованово 1:7, што е основата на вистинското заедништво?**
3. **Која вистина за моќта на нашиот Бог може да разбуди стравопочит во моето срце?**
4. **Зошто треба да избегнувам да се обесхрабрувам поради недостатоците на другите?**
5. **Како можам да им помогнам на луѓето да ја разберат вистината за вистинската Божја сабота?**

Подготовка за битката

ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „И тогаш ќе се обратите и ќе ја видите разликата меѓу праведник и безбожник, меѓу оној кој Му служи на Бога и оној кој не Му служи.“ (Малахија 3:18).

Предлагаме да прочитате: *5. Сведоштво, 137–148; 449–467; Големата борба, 551–562.*

„Оние што тврдат дека ја имаат големата Божја сила можеме да ги препознаеме само со помош на Божјиот закон, кој служи како големо мерило... Овчата облека изгледа толку вистинска и уверлива што волкот може да се препознае само кога неговиот живот ќе се спореди со големото Божјо морално мерило и ќе се утврди дека е престапник на Јеховиниот закон.“ – *Faith and Works, p. 45.*

1. ДА НЕ СЕ ИЗНЕНАДУВАМЕ

Недела, 20. декември

а. Која појава е карактеристична за последните денови? 2. Солунјаните 2:8, 9.

_____

_____

„Видов дека сатаната преку своите орудија делува на повеќе начини. Работеше преку проповедници кои ја отфрлиле вистината и се предале на силата на измамата, за да ѝ веруваат на лагата и да примат суд. Во текот на своите проповеди или молитви тие беспомошно би паѓале ничкум но не под дејство на Светиот Дух, туку под влијание на сатанската сила со која тој самиот ги инспирирал тие орудија а преку нив и народот. Во проповедите, молитвите или разговорите, некои од таканаречените адвентисти кои ја отфрлиле сегашната вистина се користеле со месмеризам за да придобијат следбеници и народот да се радува на таквите влијанија сметајќи ги како последица на делувањето на Светиот Дух. Некои од оние коишто се служат со такви методи беа толку далеку во темнина и сатанска измама, помислувајќи дека тоа била Божја сила која што им била ним дадена да ја исползуваат.“ – *Рани списи, 43.*

„Сатаната, опкружен со злите ангели, ќе тврди дека тој е Бог, и ќе прави чуда од секаков вид за, ако е можно, да ги прелаже дури и избраните. Божјиот народ нема да наоѓа сигурност во правење на чуда, бидејќи сатаната ќе ги имитира чудата кои ќе се прават. Искушаниот и проверен Божји народ ќе ја најде својата сила во знакот за кој се зборува во Излез 31:12-18. Тие ќе мора да се потпрат на живата реч ’Напишано е’. Тоа е единствен темел на кој ќе можат да стојат без опасност.“ – *9. Сведоштво, 16.*

а. Што им недостига на оние што наскоро ќе пропаднат? 2. Солунјаните 2:9, 10.

_____

_____

„Само оние кои вредно го проучуваат Светото Писмо и кои имаат љубов кон вистината, ќе бидат заштитени од оваа моќна измама што ќе го зароби сиот свет.“ – *Големата борба, 625.*

б. Без оглед на она што го исповедаат, што ќе им испрати Бог на оние што не ја љубат вистината, и зошто? 2. Солунјаните 2:11, 12.

_____

_____

„Библијата ни кажува дека пред Господовото доаѓање сатаната ќе дејствува ’со секаква сила и знаци и лажни чудеса и со секакво неправедно измамување’; и оние што ’не ја примиле љубовта на вистината та да би се спасиле’, ќе ги прифатат сите измами и ќе ѝ веруваат на лагата (2. Солунјаните 2:9-11). Дури кога ќе настапи ваква состојба и кога во целото христијанство ќе се постигне обединување на црквата со светот, тогаш падот на Вавилон ќе биде целосен. Промената ќе настанува постепено, а пророштвото од Откровение 14:8 целосно ќе се исполни во иднина.“ – *Големата борба, 389, 390.*

в. Со која цел Бог нè повикал нас и нашите семејства, и какви должности и предизвици вклучува тоа? 2. Солунјаните 2:13–15; Малахија 3:17, 18.

_____

_____

_____

„Дали младите, што примале мудри поуки и воспитување од своите побожни родители ќе останат и понатаму посветени на вистината кога ќе го напуштат својот дом, во голема мера зависи од влијанието на кое ќе наидат од оние од кои очекуваат христијански поуки.“ – *8. Сведоштво, 226.*

„Оние што тврдат дека веруваат во Исус треба постојано да се стремат кон светлината. Секој ден треба да се молат светлината на Светиот Дух да ги осветли страниците на Светата книга, за да можат да го разберат она што доаѓа од Божјиот Дух. Мораме да имаме безрезервна доверба во Божјата реч, инаку ќе бидеме изгубени. Човечките зборови, колку и да се впечатливи, не можат да нè направат совршени ниту целосно да нè подготват за секое добро дело... Преку посветувањето со Духот и верата во вистината стануваме Божји соработници.“ – *Fundamentals of Christian Education, pp. 188, 189.*

а. Што ни овозможува верно да истраеме? 2. Солунјаните 2:16, 17; 3:1–5.

_____

_____

„Павле го насликал делото на таа злокобна сила на злото која ќе се протега низ многу векови на темнина и прогонства пред второто Христово доаѓање. Верниците во Солун се надевале дека нивното ослободување е близу, но тој сега ги советувал храбро и во Божји страв да го прифатат делото што е пред нив. Апостолот ги предупредил да не ги занемаруваат своите должности и да не се ограничуваат на безделничко чекање. Должностите на секојдневниот живот и отпорот со кои ќе мораат да се борат им изгледале двојно потешки сега по разгореното очекување на скорашно ослободување. Затоа тој ги бодри да бидат цврсти во верата." – *Делата на апостолите, 266,267.*

б. Каков пример им дал Павле на работниците во делото на Евангелието? 2. Солунјаните 3:6–9.

_____

_____

„Луѓето што се избрани од Бога да работат во ова дело мораат да дадат докази за својот висок повик сметајќи ја за своја најсвета должност да се развиваат и усовршуваат сè додека не станат способни работници. Ако покажат сесрдна желба да ги усовршат способностите со кои Бог ги надарил треба да им се даде разумна помош. Меѓутоа, охрабрувањето што им се укажува не смее да има призвук на ласкање, бидејќи и самиот сатана во тој поглед доволно ќе се потруди. Луѓето кои мислат дека имаат должност да проповедаат не треба да бидат поддржани во нивните очекувања црквата веднаш да ги издржува и нив и нивните семејства. Тие немаат право на тоа сè додека не покажат добри плодови од својата работа. Постои опасност на младите и неискусни почетници да им се наштети во работата со ласкање и олеснување на животните товари. Кога не проповедаат, тие треба со некоја корисна работа да заработуваат за своето издржување. Тоа е најдобар начин да се провери нивната подготвеност за проповедничка служба. Ако тие сакаат да проповедаат само за да имаат проповедничка плата, а ставот на црквата остане непроменет во однос на нивното издржување, тие набргу ќе го симнат тој товар од себе и ќе го напуштат проповедањето поради занимања што носат поголема заработувачка. Апостол Павле, најречитиот проповедник, кого Бог на чудесен начин го обратил за да му довери посебна задача, не се притеснувал да работи и со своите раце. Тој кажува: 'До овој час ние и гладуваме и жеднееме, и необлечени одиме, нè бијат и талкаме по светов, се трудиме работејќи со свои раце. Кога нè проколнуваат, ние благословуваме, а кога нè гонат – трпиме' (1. Коринтјаните 4:11,12)." – *1. Сведоштво, 446,447.*

а. Наведете едно основно и трајно начело на вистинското христијанство. Изреки 20:4; 2. Солунјаните 3:10–12.

_____

_____

„Заведени поединци проповедале дека вистинската светост го издигнува духот над секоја земна мисла и луѓето ги наведува да се воздржуваат од секоја работа. Други, заземајќи екстремно гледиште за некои текстови од Светото писмо, проповедале дека е грев да се работи - дека христијанинот воопшто не би смеел да мисли на земните благодати за себе и за своето семејство, туку дека својот живот мора потполно да им го посвети на духовните интереси. Учењето и личниот пример на апостол Павле претставувале вистински укор за тие екстремни гледишта.

Додека бил во Солун, Павле не зависел исклучиво од трудот на своите раце. Осврнувајќи се подоцна на своите доживувања во тој град, тој им пишувал на Филипјаните, благодарејќи им на даровите што ги примил од нив. Тој за тоа кажува: 'Ми испративте во Солун еднаш и по вторпат, за моите потреби' (Филипјаните 4:16). И покрај тоа што ја примил таа помош, Павле се трудел на Солунјаните да им даде пример на трудољубивост, за никој да не може да го обвини за лакомост, а исто така и со личен пример да им упати практичен укор на оние кои имале фанатично гледиште за физичката работа." – *Делата на апостолите, 348, 349.*

„Обичајот со приватни дарови или со средства од Црквата да се издржуваат поединци склони кон безделничење ги поттикнува на лоши навики и таквата практика треба совесно да се избегнува. Секој маж, жена и дете треба практично да се навикнува на некоја корисна работа... Сите треба да бидат обучени во некоја гранка на корисна работа, а Бог со радост ќе ја зголемува приспособливоста на секој поединец што преку добро воспитување стекнал работни навики." – *Коментари на библиските текстови, 767.*

б. Кога сме во искушение да паднеме во очај, на што треба да се сетиме? 2. Солунјаните 3:13.

_____

_____

„Со помош на светоста тие ќе донесуваат род и ќе изобилуваат во добрите дела. На таквиот човек никогаш нема да му здодее да прави добредетелства, и тој нема да копнее по успесите во овој свет. Ќе копнее по награда која ќе му биде доделена кога Височеството на небото ќе ги повика светите кон Својот престол. Тогаш Тој ќе им каже ним: „Дојдете благословени од Мојот Татко, примете го царството кое ви е подготвено од создавањето на светот". Тогаш Господ ќе ги преброи делата на самооткажување и милост, сочувство и правда кои тие ги направиле. Светоста на срцето ќе произведе исправни постапки." – *2. Сведоштво, 445.*

5. ВО НЕСОВРШЕН СВЕТ

Четврток, 24. декември

а. Како треба да постапуваме со оние што се во заблуда? 2. Солунјаните 3:14, 15.

_____

_ „Апостолот нè предупредува да не се дружиме со оние чиј начин на живот станува камен на сопнување на патот на другите. 'А ако некој не го послуша нашиот збор во ова послание', вели апостолот, 'забележете го и не дружете се со него, за да се засрами. Но не сметајте го за непријател, туку советувајте го како брат.' Ако не го прифати советот на Господовите слуги и упорно продолжи да се раководи според сопственото расудување под влијание на својот водач, сатаната, самиот ќе биде виновен за својата пропаст." – *Коментари на библиските текстови, 767.*

„Павле исто така на црквата ѝ наложил да ги исклучи од своето членство сите што упорно одбиваат да ги прифатат поуките примени преку Божјите слуги. 'Но', додал тој, 'не сметајте го за непријател, туку предупредувајте го како брат.'" – *Делата на апостолите, 267, 268.*

б. Која последна надеж изразена во ова послание треба да ја одразуваме? 2. Солунјаните 3:16–18.

_____

„Ние треба да им понудиме на луѓето нешто подобро од она што го поседуваат, а тоа е Христовиот мир, кој го надминува секое познавање. Мораме да им кажеме за Божјиот свет закон, кој претставува препис на Неговиот карактер и израз на она што и тие, според Неговата желба, треба да станат. Покажи им колку е неизмерно поголема непоминливата слава на Небото, кога ќе се спореди со поминливите радости и задоволства на овој свет. Кажи им за слободата и мирот што се наоѓаат во Спасителот...

„Само тој може да го задоволи копнежот на срцето и да ѝ даде мир на душата.

Од сите луѓе на светот, реформаторите треба да бидат најнесебични, најљубезни и најучтиви...

Ние треба да ја зборуваме вистината со љубов, верувајќи дека Господ ќе им подари сила за реформирање на животот, на оние што слушаат. Светиот Дух ќе го втисне во душата зборот изговорен од љубов." – *Здравје и среќа, 157.*

ПРАШАЊА ЗА РАЗМИСЛУВАЊЕ

Петок, 25. декември

1. **Опиши некои од активностите на непријателот на душите во последните денови.**
2. **Што ќе се случи со оние што ја познаваат вистината, но немаат љубов кон неа?**
3. **Објасни ја тајната на христијанската истрајност.**
4. **Што секогаш ќе биде обележје на вистинскиот реформатор?**
5. **Како треба да го применам библискиот принцип на постапување со оние што грешат?**

Белешки

БОГОСЛУЖБА ВО СЕМЕЈСТВОТО

ОКТОМВРИ - 2026.

Дат.	Ден	Утринска молитва	Вечерна молитва	За оние кои немаат свед.
1.	Четврток	2 Петр. 3:1-5.	Коп. на век. 590.	Пс. 119:126-130.
2.	Петок	Гал. 6:14-16.	Сонцето заоѓа во 18 13	
3.	Сабота	Псалм 40:1-5.	Сонцето заоѓа во 18 11	
4.	Недела	Ефес. 1:1-7.	Коп. на век. 591.	Ер. 42:13-16.
5.	Понеделник	Ефес. 1:8-13.	Коп. на век. 592.	Ер. 42:17-19.
6.	Вторник	Ефес. 1:14-20.	Коп. на век. 593.	Ер. 42:20-22.
7.	Среда	Ефес. 2:1-3.	Коп. на век. 594.	Ер. 43:10-13.
8.	Четврток	Ефес. 2:4-10.	Коп. на век. 595.	Ер. 44:2-6.
9.	Петок	Ефес. 2:13-17.	Сонцето заоѓа во 18 01	
10.	Сабота	Псалм 46:1-7.	Сонцето заоѓа во 17 59	
11.	Недела	Ефес. 2:19-22.	Коп. на век. 596.	Ер. 44:7,8.
12.	Понеделник	Ефес. 3:8-11.	Коп. на век. 597.	Ер. 44:9-11.
13.	Вторник	Ефес. 3:14-21.	Коп. на век. 598.	Ер. 44:12-14.
14.	Среда	Ефес. 4:1-6.	Коп. на век. 599.	Ер. 44:15-19.
15.	Четврток	Ефес. 4:11-15.	Коп. на век. 600.	Ер. 44:20-22.
16.	Петок	Ефес. 4:20-27.	Сонцето заоѓа во 17 49	
17.	Сабота	Псалм 50:4-6.	Сонцето заоѓа во 17 48	
18.	Недела	Ефес. 4:29-32.	Коп. на век. 601.	Ер. 44:24-27.
19.	Понеделник	Ефес. 5:6-11.	Коп. на век. 602.	Ер. 44:28-30.
20.	Вторник	Ефес. 5:15-21.	Коп. на век. 603.	Ер. 45:1-5.
21.	Среда	Ефес. 6:11-18.	Коп. на век. 604.	Ер. 46:27,28.
22.	Четврток	Фил. 1:1-7.	Коп. на век. 605.	Ер. 48:8-10.
23.	Петок	Фил. 1:15-18.	Сонцето заоѓа во 17 39	
24.	Сабота	Псалм 51:1-11.	Сонцето заоѓа во 17 37	
25.	Недела	Фил. 1:27-29.	Коп. на век. 607.	Ер. 50:1-5.
26.	Понеделник	Фил. 2:1-8.	Коп. на век. 608.	Ер. 50:6-9.
27.	Вторник	Фил. 2:9-15.	Коп. на век. 609.	Ер. 50:10-17.
28.	Среда	Фил. 3:4-10.	Коп. на век. 610.	Ер. 50:23-26.
29.	Четврток	Фил. 3:11-16.	Коп. на век. 611.	Ер. 50:29-32.
30.	Петок	Фил. 3:17-21.	Сонцето заоѓа во 16 29	
31.	Сабота	Псалм 40:1-5.	Сонцето заоѓа во 16 28	

НОЕМВРИ - 2026.

Дат.	Ден	Утринска молитва	Вечерна молитва	За оние кои немаат свед.
1.	Недела	Тит 2:1-7.	Коп. на век. 612.	Пс. 119:160-165.
2.	Понеделник	Фил. 4:4-7.	Коп. на век. 613.	Ер. 51:1-6.
3.	Вторник	Фил. 4:8,9.	Коп. на век. 614.	Откр. 17:3-6.
4.	Среда	Фил. 4:11-13.	Коп. на век. 615.	Откр. 18:1,2,4.
5.	Четврток	Кол. 1:1-6.	Коп. на век. 616.	Откр. 18:5-8.
6.	Петок	Кол. 1:9-14.	Сонцето заоѓа во 16 20	
7.	Сабота	Псалм 63:1-7.	Сонцето заоѓа во 16 19	
8.	Недела	Кол. 1:15-20.	Коп. на век. 617.	Ер. 51:7-11.
9.	Понеделник	Кол. 1:21-25.	Коп. на век. 618.	Ер. 51:15-19.
10.	Вторник	Кол. 1:26-29.	Коп. на век. 619.	Ер. 51:44-46.
11.	Среда	Кол. 2:1-7.	Коп. на век. 620.	Ер. 51:49-53.
12.	Четврток	Кол. 2:8-11.	Коп. на век. 621.	Ер. 51:60-64.
13.	Петок	Кол. 3:1-4.	Сонцето заоѓа во 16 13	
14.	Сабота	Псалм 65:1-5.	Сонцето заоѓа во 16 12	
15.	Недела	Кол. 3:8-11.	Коп. на век. 622.	Пл.Ер. 1:1-4.
16.	Понеделник	Кол. 3:12-15.	Коп. на век. 623.	Пл.Ер. 1:5-8.
17.	Вторник	Кол. 3:16,17.	Коп. на век. 624.	Пл.Ер. 1:9-12.
18.	Среда	Кол. 3:20-25.	Коп. на век. 625.	Пл.Ер. 1:13-15.
19.	Четврток	Кол. 4:1-6.	Коп. на век. 626.	Пл.Ер. 1:16-20.
20.	Петок	1 Сол. 1:1-6.	Сонцето заоѓа во 16 07	
21.	Сабота	Псалм 66:16-20.	Сонцето заоѓа во 16 06	
22.	Недела	1 Сол. 2:13-15.	Коп. на век. 627.	Пл.Ер. 1:21,22.
23.	Понеделник	1 Сол. 2:1-12.	Коп. на век. 628.	Пл.Ер. 2:1-4.
24.	Вторник	1 Сол. 5:1-8.	Коп. на век. 629.	Пл.Ер. 2:6-9.
25.	Среда	1 Сол. 5:8-14.	Коп. на век. 630.	Пл.Ер. 2:10-13.
26.	Четврток	2 Сол. 2:1-9.	Коп. на век. 632.	Пл.Ер. 2:14-17.
27.	Петок	2 Сол. 3:10-13.	Сонцето заоѓа во 16 03	
28.	Сабота	Псалм 67:1-7.	Сонцето заоѓа во 16 03	
29.	Недела	1 Тим. 2:1-6.	Коп. на век. 633.	Пл.Ер. 2:18-22.
30.	Понеделник	2 Тим. 4:6-8.	Коп. на век. 634.	Пс. 119:142-148.

ДЕКЕМВРИ - 2026.

Дат.	Ден	Утринска молитва	Вечерна молитва	За оние кои немаат свед.
1.	Вторник	Тит 2:11-15.	Коп. на век. 635.	Ис. 26:3,4.
2.	Среда	Излез 33:18-23.	Коп. на век. 636.	Пл. Ер. 3:8-18.
3.	Четврток	Излез 34:6-9.	Коп. на век. 637.	Пл. Ер. 3:25-28.
4.	Петок	Втор. 3:23-25.	Сонцето заоѓа во 16 01	
5.	Сабота	Псалм 78:1-7.	Сонцето заоѓа во 16 01	
6.	Недела	2 Сам. 22:2-7.	Коп. на век. 638.	Пл. Ер. 3:34-45.
7.	Понеделник	Ездра 8:21-23.	Коп. на век. 639.	Пл. Ер. 3:46-56.
8.	Вторник	Ездра 9:6-8.	Коп. на век. 640.	Пл. Ер. 3:57-66.
9.	Среда	Ездра 9:13-15.	Коп. на век. 641.	Пл. Ер. 4:1-5.
10.	Четврток	Немија 1:4-7.	Коп. на век. 642	Пл. Ер. 4:6-10.
11.	Петок	Немија 1:8-11.	Сонцето заоѓа во 16 01	
12.	Сабота	Пс. 80:14-19.	Сонцето заоѓа во 16 01	
13.	Недела	Немија 2:2-4.	Коп. на век. 643.	Пл. Ер. 4:11-16.
14.	Понеделник	1 Лет.29:11-15.	Коп. на век. 644.	Пл. Ер. 4:17-22.
15.	Вторник	1 Лет. 29:17-20.	Коп. на век. 645.	Пл. Ер. 5:1-7.
16.	Среда	2 Лет. 14:11,12.	Коп. на век. 646.	Пл. Ер. 5:15-22.
17.	Четврток	2 Лет. 20:3-7.	Коп. на век. 647.	Изреки 1:1-7.
18.	Петок	2 Лет. 20:9-12.	Сонцето заоѓа во 16 02	
19.	Сабота	Псалм 81:8-16.	Сонцето заоѓа во 16 03	
20.	Недела	2 Лет. 30:18-20.	Коп. на век. 648.	Изр. 1:8-16.
21.	Понеделник	2 Лет. 33:10-13.	Коп. на век. 649.	Изр. 1:20-33.
22.	Вторник	Естира 3:8-11.	Коп. на век. 650.	Изр. 2:1-9.
23.	Среда	Естира 4:1-4.	Коп. на век. 651.	Изр. 2:10-15.
24.	Четврток	Естира 4:13-16.	Коп. на век. 652.	Изр. 2:20-22.
25.	Петок	Јоил 2:18-20.	Сонцето заоѓа во 16 06	
26.	Сабота	Псалм 85:5-12.	Сонцето заоѓа во 16 06	
27.	Недела	Јоил 2:11-14.	Коп. на век. 653.	Изр. 4:18-23.
28.	Понеделник	Јоил 2:15-18.	Коп. на век. 654.	Изр. 6:16-23.
29.	Вторник	Соф. 1:14-18.	Коп. на век. 655.	Проп. 11:6-10.
30.	Среда	Соф. 2:1,2.	Коп. на век. 656.	Проп. 12:11-14.
31.	Четврток	Тит 2:3-6.	Коп. на век. 657.	Пс. 119:170-176.

Дар во првата сабота



Сабота, 3. октомври 2026.

Танзаниска мисија

Време е да се кренеме и да изградиме штаб и училиште во Додома (видете ја стр. 4).



Сабота, 7. ноември 2026.

Литература за сиромашните земји

Ја шириме светлината на вистината таму каде што печатената страница е единствениот пат (видете ја стр. 30).



Сабота, 5. декември 2026.

Црква во Бразавил, Република Конго

Делото во Конго напредува брзо и итно има потреба од нашата поддршка (видете ја стр. 51).